**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 септември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,03 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски**: Ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, дами и господа.

Ја отворам Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ана Андова, Игор Ивановски, Есад Рахиќ, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев е присутен, Андреј Жерновски, Слободан Чашуле, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Абдулади Вејсели, Али Ахмети, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам проверете колку има потпишано.

Ги молам пратениците да дојдат во салата, за кворум имаме потпишано доволно.

Службите нека го утврдат бројот, ве молам.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

На седницата присуствуваат 71 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија; Гувернерот на Народната банка на Република Македонија и Претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од Сто и втората, Сто и петтата и Сто и шестата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? Нема.

Констатирам дека записниците од Сто и втората, Сто и петтата и Сто и шестата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скратени рокови на оваа седница.

Има збор министерот за животна средина.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Почитуван претседател, почитувани пратеници, овој Предлог на закон се поднесува поради тоа што обврските од новиот Закон за животна средина кој е неодамна усвоен во ова Собрание пред околу два месеци, ќе може да се применува дури од 01 јануари 2006 година и во договор со Министерството за финансии и Царинската управа Владата дојде до сознание дека Програмата за финансирање на еколошките проекти, согласно новите давачки, ќе биде во можност да се донесе дури по првиот квартал односно по согледувањето на ефектите од новите давачки. Во меѓувреме ова се предлага раздвојување на старата програма која постои веќе осум години и во таа смисла суштината на измената на Законот наместо една програма да има две програми и во таа смисла и Матичната комисија на Собранието, Комисијата за транспорт, врски и екологија, едногласно го поддржа донесувањето на овој закон во скратени рокови.

Тоа е отприлика причината од кои Владата бара овој закон да се носи во скратени рокови.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеника, 53 гласале за, нема воздржани, нема против, а во салата се присутни 73 пратеника.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Закон за дополнување на Кривичниот законик.

Предлогот на Владата ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста од Законот за дополнување на Кривичниот законик да се донесе по итна постапка.

Има збор претседателот на Владата, господинот Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Пакетот мерки кои ги презема Владата за надминување на актуелните негативни состојби во казнено-поправните установи на Република Македонија предвидуваат и предлог да дојде до измена на Кривичниот законик кој денеска се наоѓа пред пратениците на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Предлогот на Владата Законот за дополнување на Кривичниот законик да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 66 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Пратениците Јани Макрадули, Иван Анастасовки, Коста Прешовски, Цветанка Иванова, Никола Апостоловски, Емилија Костадинова, Благородна Мингова Крепиева, Ангел Димитров, Каме Петров, Ана Андова, Јанаќе Витановски, Роза Топузова Каревска, Аднан Јашари, Ејуп Рустеми и Жарко Караџоски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот ви е поделен.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба овој закон да биде разгледан на оваа седница.

Претпоставувам господине Макрадули вие сте прв потпишан, па вие ќе ја образложите итноста.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, по измените и дополнувањата на Законот за исплата на плати и надоместоци на избраните и именуваните функционери во Република Македонија пратениците оценуваат дека делот од надоместокот кој се однесува на пратеничките ангажмани или на избраните и именуваните функционери на терен е дел од надоместокот што сега го добиваме како плата и дека тоа треба да се избрише од членот 7 за сите избрани и именувани функционери и затоа го предлагаме овој закон со што во една проектирана рамка од година дена би се заштеделе неколку стотици илјади евра од Буџетот.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот на пратениците овој закон да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 58 гласале за, нема воздржани, 4 против.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за разрешување на судија во Основниот суд Скопје 1 - Скопје;

2. Предлог за именување вицегувернер на Народната банка на Република Македонија;

3. Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;

4. Предлог на одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип;

5. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Куманово, Охрид, Скопје 1 - Скопје и Тетово;

6. Предлог на закон за дополнување на Кривичниот законик;

7. Предлог на закон за ревизија;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за социјално осигурување, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за статусот и активностите на Регионалниот центар на Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци МАРРИ со седиште во Скопје, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот протокол за Казнената конвенција за корупција, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за привилегии и имунитети на Меѓународниот кривичен суд, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за Управата за јавни приходи, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за Царинската управа, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за даночна постапка;

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, со Предлог на закон;

20. Предлог на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните;

21. Предлог за донесување на закон за извршување на санкциите;

22. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за животна средина, со Предлог на закон.

23. Предлог на закон за воздухопловство;

24. Национална стратегија за развој на информатичкото општество;

25. Предлог за донесување на закон за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за техничката инспекција, со Предлог на закон;

27. Предлог за донесување на закон за стечај;

28. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за задругите, со Предлог на закон;

29. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон;

30. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стопанските комори, со Предлог на закон;

31. Предлог за донесување на закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, со Предлог на закон;

32. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за културата, со Предлог на закон;

33. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, со Предлог на закон;

34. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, со Предлог на закон;

35. Предлог на закон за пратениците;

36. Предлог на закон за изменување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија;

37. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

38. Предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип, со Предлог на закон;

39. Предлог за донесување на закон за амнестија, со Предлог на закон.

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред?

Повелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине претседателе точката 18 - Предлог на закон за воздухопловство не е во согласност со членот 141 од Деловникот на Собранието на Република Македонија од причини што Предлогот за донесување на овој закон е усвоен во ова Собрание на 10.06.2004 година, а согласно член141 од Деловникот најдоцна во рок од 60 дена од денот на усвојувањето на Предлогот за донесување на закон предлагачот е должен да поднесе Предлог на закон.

По барање на предлагачот Собранието може да определи подолг рок. Бидејќи ние како Собрание немаме определено подолг рок ниту постоело барање од страна на предлагачот за ваков рок, сметам дека овој Предлог на закон за воздухопловство може да се разгледува само како Предлог за донесување на закон за воздухопловство, а особено од причини што самата содржина на овој закон е драстично различна од содржината која беше во Предлогот за донесување закон за воздухопловство.

Од овие причини сметам, заради почитување на Деловникот на Собранието, оваа точка треба да биде или повлечена или преформулирана во Предлог за донесување на закон за воздухопловство.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски формулирајте еден единствен предлог дали да се повлече или да се преформулира.

**Блаже Стојаноски:** Не е во согласност со Деловникот вака како што е предложено.

**Љупчо Јордановски:** Господинот Стојаноски предлага точката 18 - Предлог закон за воздухопловство да се повлече.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 64 пратеника, од кои 17 за, 3 воздржани, 44 против.

Констатирам дека предлогот е одбиен.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Господине претседателе предлагам на дневен ред како посебна точка која после би ја разгледувале како прва да се уврсти Информација на Владата за одлагањето на приемот на Република Македонија во НАТО.

**Љупчо Јордановски:** По Деловникот треба да имаме информација, што значи не можеме сега да ја ставиме како точка на дневен ред. Откако ќе ја добиеме или вие требавте господине Андов да поднесете информација за да можеме како итна точка. Ние немаме материјал по кој можеме да расправаме.

**Стојан Андов:** Јас барам Владата да подготви, но не мора материјал, треба претседателот на Владата да настапи и да објасни. Мислам дека е тука сосема јасно дека е тоа надлежност на Владата да даде таква информација, не знам зошто не се служи со Собранието и не си ги извршува таквите обврски по така крупни прашања за политиката на земјата, не се обраќа на Собранието, туку се се завршува на препукување преку медиумите.

Мислам дека е потребно претседателот на Владата да настапи овде на почетокот на седницата во посебна точка да ги објасни состојбите.

**Љупчо Јордановски:** Господине Андов таква можност деловнички немаме. Обично расправаме по информација, но јас ќе го ставам на гласање.

Повелете господине премиер, имате збор.

**Владо Бучковски:** Сакам да верувам дека иницијативата на пратеникот Андов е со добри намери и мислам дека за патот на Република Македонија кон НАТО досега барем декларативно сите имаа добри намери. Но, еден сигнал од Вашингтон го покажа вистинскиот карактер на Македонците воопшто. Мислам дека е добро и Владата прифаќа, но не може на оваа седница. Ако сакаме да бидеме до крај сериозни, бидејќи има иницијатива во Парламентот, добро е во целата оваа атмосфера која е создадена пред

парламентот да ги отвориме сите аргументи зошто Македонија треба на првата наредна седница на НАТО да ја добие поканата за проширување и каква ќе биде улогата на Владата, каква ќе биде улогата на Парламентот, каква ќе биде улогата на невладините организации и од тоа Владата не бега како обврска. Ако смета Парламентот дека тоа треба да го направиме, сметам дека денеска не би можеле на оваа седница да биде прва точка, затоа што е несериозно на овој начин да се третира една сериозна тема. А, првата наредна седница, а би можеле да имаме и осебна седница, Владата е подготвена да даде писмено известување.

**Љупчо Јордановски:** Деловнички не можеме ова да го уврстиме, затоа што ниту има пишан материјал, ниту можеме моментално сега еве да побараме и усмена информација, ќе направиме преседан. Тогаш, секој ќе бара усмена информација од Владата и да се дополни како точка на дневен ред. Според тоа, господине Андов тука ќе завршиме, ќе свикаме ако треба итна седница, јас лично ќе побарам од Владата исмена информација и ќе свикам итна седница да се расправа по тоа прашање. Завршено е господине Андов околу оваа точка.

Дали некој друг има дополнувања? (Нема).

Бидејќи нема, констатирам дека ова што е досега усвоено, тоа е предложениот дневен ред.

Сега, дали има некој предлог за редоследот на точка на дневниот ред. Се извинувам, дневниот ред го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, 72 пратеници гласале за, 1 пратеник бил воздржан, 2 пратеници гласале против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Сега, прашувам дали некој смета дека во редоследот треба да се направат некои измени.

Господине Томиќ, повелете.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, предлагам според редоследот кој го прочитавте и што Собранието го утврди дневниот ред, точката 19 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Закон за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, со Предлог на закон, да стане точка 32. Ова од причини што денес имаме поделено 40 амандмани и ќе ја отежне самата расправа по овој текст на закон, а истовремено очекувам дека и со некои дополненија и дополнително Владата ќе има доволно време да интеревенира и да ја скрати самата процедура. Од тие причини ова го предлагам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Предлогот точката 19 - Закон за катастар и премер да биде точка 32. Тоа е после Предлогот за донесување на закон, изменување на закон, што значи пред Законот за култура.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 66 пратеници гласале за, нема воздржани, тројца пратеници гласале против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Дали има некој друг збор? (Нема)

Бидејќи нема, констатирам дека со оваа измена го утврдивме конечниот дневен ред околу кој што ќе работиме. Во текот на седницата ќе го добиете утврдениот конечен дневен ред.

Минуваме на точка 1. -**Предлог за разрешување на судија во Основниот суд Скопје 1 - Скопје.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор и нема пријавен за збор, го заклучувам претресот и Предлогот Александар Јањиќ да биде разрешен од функцијата судија во Основниот суд Скопје 1 - Скопје, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 69 пратеници гласале за, двајца воздржани, нема против.

Констатирам дека Александар Јањиќ е разрешен од функцијата судија во Основниот суд Скопје 1 - Скопје, поради исполнување услови за старосна пензија.

Минуваме на точка 2. - **Предлог за именување вицегувернер на Народната Банка на Република Македонија.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Фадил Бајрами да биде именуван за вицегувернер на Народната банка на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 59 пратеници гласале за, 2 се воздржани, 2 пратеника гласаа против. Констатирам дека Фадил Бајрами е именуван за вицегувернер на Народната Банка на Република Македонија.

Минуваме на точка 3. - **Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.**

Предлогот ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Еве имаме Предлог од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, господинот Влатко Гаврилов да биде избран со пет годишен мандат за член на Регулаторната

комисија.Знаејќи дека регулаторната комисија формирана на 23 јули 2003 година неговиот мандат истече на 23 јули 2005 година пошто беше именуван со времетраење од две години. Од Владата на Република Македонија ние го добивме дописот на 5.08.2005 година, а денес е веќе 13.09.2005, Регулаторната комисија работи без еден член. Минатата година повторно се случи така што членот на Регулаторната комисија го избравме во месец октомври и не знам која е причината за ваквото функционирање на оваа комисија.Мислам дека има и време и период, тие се пет луѓе, за кои што ние треба да донесеме одлука.

Од друга страна, знаејќи ги сите функции на Регулаторната комисија и како Република Македонија понатаму ќе влегува во сите асоцијации на Европската Унија поврзани на полето на енергетиката, неговата возраст, роден е во 1946 година, значи има 59 години и со мандат од пет години, едноставно со завршувањето на членството во Регулаторната комисија, по новијот закон со 64 години старост ќе треба да биде пензиониран. Од друга страна говориме за млади луѓе кои шти треба да ги обучиме да бидат во оваа Регулаторна комисија, говориме за едно ново општество технолошко кое што треба да се развива и на овој начин мислам дека со завршувањето на овие пет години ние ќе изгубиме човек во кого вложуваме многу. Зазтоа што, во она што тој го претставува како функционирање гледаме дека од 2003 година учествувал на многу светски форуми и на многу комисии. После завршувањето на неговиот работен век, апсолутно мислам дека тука нема да имаме никаква поддршка. Човекот со 64 години ќе замине во пензија, а Регулаторната комисија ќе остане без еден човек кој ќе треба да биде клучен. Значи, моето мислење беше дека ќе имаме доблест и мислам дека сега во Комисијата има и други места каде што можат да функционираат овие луќе кои беа прво избрани во таа Регулаторна комисија и дека требаше да најдеме помлади кои ќе ммożат да ги заменат и кои ќе направат напредок во оваа Регулаторна комисија, чија што функција допрва Република Македонија треба да ја донесе во рамките и во Југоисточна Европа и во Европската Унија на едно ниво. Од таа страна јас ќе гласам против овој предлог и очекував дека Регулаторната комисија ќе даде некој предлог кој што понатаму ќе биде издржлив.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Влатко Гаврилов да биде именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 49 пратеници гласале за, 4 пратеници биле воздржани, 6 пратеници гласале против, а во салата има, претпоставувам, над 80 пратеници, што и сами гледате.

Констатирам дека Влатко Гаврилов е именуван за член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Минуваме на точка 4. - **Предлог на одлука за огласување избор на судии на Апелационите судови во Битола, Скопје и Штип.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи, нема пријавени за збор, го заклучувам пртресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 53 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против, а во салата се присутни над 70 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судии на Апелационите судови во Битола, Скопје и Штип.

Минуваме на точка 5. - **Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Куманово, Охрид, Скопје 1 - Скопје и Тетово.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за огласување избор на судии на Основните судуво во Куманово, Охрид, Скопје 1 - Скопје и Тетово.

Минуваме на точка 6. - **Предлог на закон за дополнување на Кривичниот закон.**

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи, никој не бара збор и нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 72 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за дополнување на Кривичниот закон.

Господинот Макрадули имаше претходно деловничко или процедурално.

Повелете, господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Претседателе, во име на пратеничката група на СДСМ барам пауза од 15-тина минути. Има една делегација каде што нашите колешки парламентарки се на средба, па мислам ќе се собереме поголем кворум. Сега, барам 15 минути пауза за некои консултации.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам 20 минути пауза.
(По паузата)

(Седницата продолжи со работа во 12,10 часот).

**Љупчо Јордановски:**Продолжуваме со работа по 107-та седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката **7-Предлог на закон за ревизија.**

Предлогот на законот, и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 8 став 2, точка 3, член 12 точка 2, 11 и 6; член 13 на ставовите 2 и 3; член 14 став 2; член 16 став 2; член 19 став 3 и член 21 став 1; член 27 за менување на став 3, член 29 став 2; член 32; член 41; член 42 и на член 43 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Абдулаким Адеми поднесе амандман на член 9 за додавање нов став 4 по ставот 3 по кој Владата не се произнела.

(Со седницата продолжи да претседава потпретседателот на Собранието на Република Македонија, Слободан Најдовски).

**Слободан Најдовски:** Отворам претрес по амандманот на член 9 за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратеникот Абдулаким Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

За овој амандман и на Комисијата разговаравме.

Согласно уставните амандмани на Република Македонија, минситерот за финансии ќе води сметка за оваа работа и нема потреба да се додава ваков став, да го оптоварува текстот, затоа што јас и на Комисијата јавно кажав дека при одлучување за составот на Советот ќе водам сметка за соодветната и правична застапеност согласно Уставот.

Затоа амандмнов не го прифаќаме.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејки нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеника од кои 18 гласале за, 1 воздржан и 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за додавање нов став 4, по ставот 3 поднесен од пратеникот Абдулаким Адеми.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Славе Арсовски.

Повелете.

**Славе Арсовски:** Бидејки се работи за закон кој што ја мина првата фаза, ова е втора фаза сметам дека со овој закон ќе се регулираат проблемите од финансовата сфера односно со законот за ревизија од една страна, а од друга страна сепак кај нас веќе е извршена целокупната трансформација на капиталот, се знаат сопствениците на капиталот и токму во тој правец добро е ревизиите кои што се извршуваа на финансиската заштита и на друштвата да бидат објективни, поткрепени врз база на законски одредби и истите да ги извршуваат соодветни стручни лица. Знаеме дека во досегашниот период се вршеа исто така ревизии, можеби законски нецелосно регулирана оваа проблематика и можеби често пати во праксата имаше некои субјективни оценки на финансиските извештаи.

Сметам дека во наредниот период со овој закон токму ова прашање мислам дека на еден најдобар начин ќе се регулир аи во тој правец ќе има навистина ревизии кои што одговараат на едно советемено време.

Од една страна самиот закон, бидејки беше во првата фаза за поздравување што во Министерството за финансии се прифатени голем број на забелешки кои се изнесоа и на собраниските тела и на пленарната седница и од стручни лица и истите се вградени во самиот закон за ревизија, а исто така самиот закон за ревизија усогласени се одредени одредби со законодавствата кои се регулираат во оваа сфера во земјите од Европската унија.

Сега токму со овој закон се регулираат сите обврски, права на сите оние кои што се вклучени во самиот процес на ревизијата, од Министерството за финансии, министерот, Советот за унапредување и надзор на самата ревизија, Институтот на ревизорите и самите ревизори како лица кои непосредно ќе ја извршуваат соодветната ревизија.

На почетокот истакнав дека се прифатени доста забелешки во изготвувањето на втората фаза од Законот за ревизија, иако сметам дека можеле уште повеќе да се прифатат во првата фаза, посебно во правец на Советот за унапредување и надзор над ревизијата каде сметам дека тоа советодавано тело е ограничено во донесување

на свои одлуки и сите одлуки во негово донесување се прекорачуваат од самиот министер, што сметам дека министерот за финансии во тој правец има сепак поголеми овластувања.

Во составот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата, сакам да истакнам дека лицата кои се вклучени односно кои го сочинуваат тој совет, да бидат сепак волонтерски ангажирани лица од институции кои се од таа финансиска сфера. Тука сметам дека можеби требало со подзаконски акт да се регулира некој вид на професионализација во делот на изборот на секретарот на Советот, бидејќи не пишува како тој секретар на Советот ќе ја извршува својата работа.

За поздравување е тоа што тука се прифатени повеќе забелешки во основ на формирањето на Институтот за овластени ревизори, како професионално здружение што со овој закон ќе има многу надлежности. Јас жалам, можеби тоа не е тука предмет на работа, но ревизорите преку овој институт си го најдоа своето место. Сметководителите не го најдоа своето место, иако раководството и сметководителите се основата за добивање на податоци каде се врши ревизијата. Во наредниот период можеби сметководителите, преку формирање на соодветен институт ќе си го најдат своето место во функционирањето.

За поздравување е начинот на полагањето на испитот на овластен ревизор, кој може да го полага тој испит, кој може да ја врши таа дејност и така натаму.

Имаше една забелешка во делот на условите што треба да ги исполнуваат ревизорите во смисла на нивното полагање и добивање дозвола за работа. Можеби по основ на делот каде што треба да има најмалку три години работно искуство во ревизијата и да бидат две години под надзор на овластен ревизор. Во тој правец, веројатно со некој друг подзаконски акт што треба да се донесе, дали тој надзор подразбира тие да посетуваат некој курс или да се добие некоја потврда од соодветна ревизорска куќа и на кој начин ќе се извршува истото. Но, сепак како решение, апсолутно, тие услови што треба да ги полага лице кое треба да биде ревизор, децидно се наброени и на тој начин се знае дека извршувањето на ревизорската функција ќе биде извршена стручно и квалитетно од лица кои ги исполнуваат условите предвидени во самиот закон. Се на се, ако се земе, со овој закон се става рамка во функционирањето на ревизорските куќи на ревизорите и како ќе се извршува ревизорската дејност. Во тој правец сакам да истакнам дека во првата фаза кога се носеше овој закон, како што даде поддршка пратеничката група на СДСМ во донесувањето на првата фаза и сите забелешки кои се прифатени воглавном во оваа втора фаза, ние како пратеничка група на СДСМ ќе гласаме за донесување на овој Предлог-закон за ревизија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Арсовски.

Има збор пратеникот Илија Китановски,

**Илија Китановски:** Господине потпретседателе, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, ќе се обидам на кратко, колку што е тоа можно да дадам коментар и да го искажам ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во врска со Предлог-законот за ревизија.

На почетокот би сакал да кажам дека забелешките кои ние како пратеничка група ги имаме по овој закон се од суштинска природа и во толкав обем што било каква амандманска интервенција сметавме дека не може доволно да го поправи текстот односно суштината и духот на некои одредби кои се клучни по овој закон. Но, да почнам со ред.

Прво, имам генерална забелешка на самиот почеток на Законот на членот 1, каде се утврдува што е предмет кој се регулира со овој закон. Мислам дека тој текст е апсолутно нецелосен, бидејќи во него се кажува дека со Законот се уредуваат условите за вршење на ревизија на правните лица кои вршат дејност, меѓутоа тоа е само еден мал дел од она што навистина го уредува законот, а тоа е - се уредува основање и работа на нови органи, Совеет за унапредување на ревизијата и Институт на овластени ревизори на кои им се доделуваат битни и одговорни надлежности, услови за стекнување на звањето овластен ревизор, издавање и одземање на дозвола за вршење на ревизија, надзор над работењето на ревизорските друштва како и други прашања во врска со ревизијата.

Исто така една од суштинските забелешки е во точка 3, каде се дефинира договорната ревизија, при што договорните страни се ограничуваат, ревизијата да биде извршена во согласност со меѓународните сметководствени стандарди. Можеби намерата била да се каже дека сите ревизии треба да се вршат во согласност со меѓународните сметководствени стандарди, меѓутоа бидејќи се работи за договорна ревизија, без разлика што трговците, согласно Законот за трговски друштва имаат обврска да подготвуваат и да поднесуваат финансиски извештаи во согласност со усвоените меѓународни сметководствени стандарди, договорните страни, исто така за потребите на корисникот на ревизијата може да договорат вршење на ревизија на финансиски извештаи подготвени согласно некои други сметководствени стандарди. Овде се работи сепак за суштинска забелешка затоа што во договорната ревизија, ревизијата не се врши за потребите на државните органи, туку пред се за потребите на сопствениците на капиталот, за доносителите на деловните одлуки, па така нивните потреби не секогаш се да добијат извештај согласно меѓународните сметководствени стандарди. На пример САД, земја каде има најразвиена ревизорска практика, меѓународните сметководствени стандарди не се прифатени и

финансиското известување е согласно ГАФ стандардите. Во нашиот случај, акционери од САД, во домашно трговско друштво, за нивни цели би можеле да побарате ревизорски извештај согласно ГАФ стандардите.

Исто така, истиот член од законот се дефинира што е тоа друштво за ревизија и што е овластен ревизор трговец поединец, за во наредниот член да се уреди дека ревизија може да вршат друштвата ревизија и овластениот ревизор трговец поединец.

Во понатамошниот текст не се прави никаква разлика меѓу овие две правни лица. Тие имаат исти права. Единствената разлика е во условите за добивање на дозвола за работа.

Со постојниот закон регулирано е дека ревизија може да врши исклучиво друштво за ревизија што по наше мислење е единствено исправно решение. Такви решенија има и во соседните земји, како Хрватска.

Во членот 6 се наведува дека одделни работи од ревизијата може да се пренесат на Советот односно Институтот на овластени ревизори под услови одредени со овој закон, за понатамошниот текст да не се наведе баш ниту една надлежност која може да се пренесе, ниту пак начинот на нејзино пренесување, кој треба да ја пренесе и така натаму. Можеби тука се мислело на одредбите во законот со кој на овие органи им се даваат надлежности. Меѓутоа, тоа веќе е уредено и пренесено со закон.

Исто така членот 7 кажува дека Советот врши надзор над вршењето на ревизијата без притоа да се каже на кој начин, со кои инструменти, кој ги овластува и определува лицата кои вршат надзор, обврска за доставување на податоци или извештаи, рокови и тн.

Што се однесува до бројот и составот на Советот, предвидено е, покрај другите членови, Народна банка, одделението за супревизија, Министерството за финансии, одделението за супервизија каде исто така не е наведена некоја посебна причина, освен суштината на дејноста што ја обавуваат овие институции, зошто нивни претходник би требало да биде член на Советот. Исто така е наведено дека еден претставник е и од редовите на големите трговски субјекти. Мислам дека многу е непрецизна и суштински неспроведлива оваа дефиниција затоа што прво не постои здружение или комора на големите трговски субјекти за да можат тие да делегираат и незнам на кој начин тие тоа ќе го правеле, второ зошто само тие да имаат претставник, големите трговски субјекти, кога согласно Законот за трговски друштва, подложни на ревизија се и големите и средните трговски друштва организирани како акционерски друштва, друштва чии хартии од вредност се коттираат на берза и големи и средни трговски друштва, организирани како друштва со ограничена одговорност.

Во истиот член се регулира дека министерот за финансии го именува претседателот на Советот кој треба да има "соодветни квалификации и долгогодишно искуство на полето на деловното работење, финансиите или правото". Многу непрецизна формулација. Кој е тој што ќе определи што се тоа соодветни квалификации и на крајот каква врска има тука искуството во правото, кога се работи за овој закон за ревизија, кога знаеме дека за да се стекне едно лице со право на полагање на ревизорски испит мора да биде економист, така е предвидено во законот, а оној кој практично треба да го контролира или да се грижи за унапредување на ревизијата, да биде од правна струка.

Околу здружувањето и членот кој уредува дека овластените ревизори се здружуваат во Институт на овластени ревизори, а членови се овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластени ревизори трговци поединци, воопшто не се посочува кои се основачите на овој Институт, а членови и основачи апсолутно не е исто, ниту суштински ниту формално.

Во член 11 став 3, се вели дека организацијата, наделжностите, составот, начинот на избор и тн се уредуваат со статут и други акти на институтот, меѓутоа не постојат никакви одредби за надлежностите, како на пример донесува статут и други општи акти на институтот, донесува одлуки за висина на чланарина, ги утврдува цените на услугите, ги бира членовите на Управниот одбор. Исто така не е прецизно уредено колку гласа има секој член на Собранието, претпоставуваме дека е тоа еден, меѓутоа не е прецизно определено, бидејќи ако членови можат да бидат овластени ревизори, истите тие како претставници на друштвото за ревизија, основано од нив, се поставува прашањето дали тиа имаат само еден глас.

Во членот 20 се регулираат условите кои треба да ги исполнуваат лицата кои сакаат да полагаат испит за стекнување со звање овластен ревизор. Тоа практично е во колизија со она што претходно го говорев околу уредбата дека услови за полагање за стекнување звање овластен ревизор, еден од условите е кандидатот да има високо образование од економските програми. Никаде во светската пракса не е ограничено звањето овластен ревизор да е условено со високо образование од програмите економист или со звањето економист. Многу асоцијации секаде во светот, на лица кои не се економисти а ги задоволуват условите за степен на образование, организираат обука по чие завршување стекнуваат право да полагаат испит или да се стекнат со звањето на овлатен ревизор.

Исто така една од суштинските забелешки е на членот 22 каде се користи терминот дека се одобрува квалификација и за овластен ревизор стекнати во странство. Тоа практично е супституција на она што значи во секојдневната пракса, нострификација. Мислам дека не се предвидува нострификуација и намерно тој израз е избегнат, туку дополнителни испити за да се утврди дали тоа лице ги поседува бараните

107/8.-

квалификации, што значи дека некое лице кое се стекнало со тоа звање во некоја од земјите членки на ЕУ, не може да ја нострифицира дипломата затоа што неговите знаења се сомнителни, па треба повторно да полага пред Комисија во нашата земја

Заради сите овие суштински забелешки, сметаме дека Законот апсолутно не ги исполнува намерите заради кој е потребно да се донесе и Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа против донесување на законот.

**Слободан Најдовски:** Мислам дека нема повеќе пријавено за збор.

Го заклучувам претресот.

Пред да го ставам законот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 54 гласале за, 1 воздржан, 5 против.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ревизија.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за социјално осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Јусуф Арифи.

**Јусуф Арифи:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата.

Иако, во многу случаи каде на дневен ред имаме ратификации на спогодби ги поминуваме без дискусии, во овој случај гледам оправданост да кажам неколку збора за ратификацијата на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, за социјално осигурување, бидејќи имаме многу граѓани кои живеат и работат во Босна и Херцеговина, имаме корисници на пензија од оваа држава, секако треба да се нагласи дека тие кои живеат во Република Македонија се соочени со истиот проблем и тие жители.

Моето залагање го поддржувам со тоа што на 81-та седница на Комисијата за надворешна полилтика сум определен како известител за оваа точка и како мотив ми е на граѓаните да им дадам едно кратко соопштение во однос на овој Договор.

Во отсуство на договор за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина, со кој ќе се уредат прашањата за инвалидска пензија, здравствено осигурување, детски додаток и осиггурување во случај на невработеност, двете страни на 17 февруари 2005 година го потпишаа Договорот за социјално осигурување. Потпишаниот договор ги уредува сите области на социјално осигурување, пензиско и инвалидско осигрување, здравствено осигурување, несреќи на работа и стручни заболувања, детски додаток, обезбедување во случај не невработеност, правна и друга помош. Спогодбата важи за сите лица кои се осигурени во двете држави како и членовите на нивните семејства.

Остварувањето на правото за социјално осигурување, според правилата на овој договор ќе биде на ниво на стандардите на меѓународните договори и тоа во постоењето на осигурувањето на двете држави истовремено, еднаквост на осигурениците на двете држави и остварување на правото и обврските од социјалното осигурување, прибирање на искуствата од работењето во двете држави, во договор за исполнување на услови за остварување на правото од социјално осигурување, неусловена исплата на правата постигнати од корисниците на овие права кои живеат во другата држава потписници на овој договор, здравственото осигурување и податоците во случај на болест на осигурениците и заштита на правата постигнати во случај на укинување на договорот.

Со ратификацијата на договорот ќе се уредат условите за остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување и секоја држава да учествува во делот на пензијата за работниот стаж постигнат во таа држава и сето ова да се уреди според правилата на таа држава. Исто така, договорот обезбедува исплата на пензии остварени според правилата на едната држава потписник и каде корисникот живее во друга држава. Исплатата се остварува непосредно на корисниците во конвертабилна монета. Со договорот се обезбедува и здравственото осигурување на осигуреникот кој работи во друга држава како и членовите на нивните семејства. Здравственото осигурување им се осигурува на корисниците на пензиите во зависност дали е исто од двете држави.

Почитувани колеги, овие се кратки точки за оваа конвенција за граѓаните во однос на договорот меѓу Република Македонија и БиХ за социјално осигурување.

**Слободан Најдовски:** Со оглед на тоа што точките за ратификации се однесуваат на законот кој што е за ратификација на одреден договор, јас би замолил да се придржуваме исклучиво на она што ни е точка на дневен ред. Бидејќи договорите кои што се потпишани и онака не можеме ние овде како Собрание да ги менуваме и не можеме ништо во нив да интервенираме. Затоа ве замолувам во иднина кога е закон за ратификација, да дискутираме само за законот за ратификација, а не за договорите.

Повелете господине Арифи, имате процедурално, или дискусија?

**Јусуф Арифи:** Јас мислам дека во мојата дискусија нагласив дека ова е причина за информација на граѓаните бидејќи има потреба, имаме голем број на граѓани кои живеат. Логично е дека договорите ратификувани се уредуваат со закони. И во тој однос немаме што да смениме.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и БиХ за социјално осигурување.

Пред да преминеме на гласање, ги повкувам пратениците да влезат во салата.

Со оглед на тоа што имаме доволен број на пратеници присутни во салата, ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратенци, 54 пратеници гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 64 пратеници, гласале 55 од кои 54 за, еден е воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 64 пратеници, од нив гласале 52 од кои што 51 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и БиХ за социјално осигурување.

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за статусот и активностите на Регионалниот центар на Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци МАРРИ со седиште во Скопје, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Констатирам дека нема пријавени за збор и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за статусот и активностите на Регионалниот центар на Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци МАРРИ со седиште во Скопје.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника, од нив гласале 48, 48 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Процедурално, господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Господине потпретседателе, еве уште стојат најавите за дискусија. Јас не знам, тука имате и секретарка до вас, тука се и техничките лица, ние можеме да се објасниме. Сега ако е целта да не се говори, очекуваме дека претставникот на Владата барем со два збора ќе не удостои со една ваква информација да ја пренесе тука пред Собранието, а мислам дека има доста забелешки во однос на оваа расправа. Едноставно ако сакате да не замолчите, се е во ред. Но, мислам дека забелешките кои што ќе ги дадеме на текстот на законот ќе можат да допринесат да имаме подобро решение со кое што и Министерството, тука се задолжени две министерства, и госпоѓата Каролина Ристова е задолжена за известување од Комисијата која што ја гледаше оваа ратификација дека ќе има некои забелешки. Ние се јавивме, вие не исклучивте. Еве, цело Собрание е тука. Сега ако ја почнеме пак истата игра да се надмудруваме, мислам дека ќе не доведете во ситуација за наредната точка да говориме за претходната и тоа апсолутно не води никаде.

**Слободан Најдовски:** Господине Мавровски, благодарам на укажувањето. Но, верувајте дека добро гледав и чекавте да кажам дека констатирам дека нема пријавени. Но, со оглед на тоа што сега имаме само Предлог за донесување, следува расправата по Предлогот на текстот. Го имате тоа право да дискутирате. Но, верувајте чекав и гледав во екранот, немаше воопшто пријавени за збор.

Јас не ја прифаќам забелешката со оглед на тоа што навистина гледав во екранот.

Продолжуваме со работа.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника гласале 55, од нив 52 гласале за, нема воздржани, тројца се против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Се работи за донесување на закон за ратификација на Договорот за статусот и активностите на Регионалниот центар и на Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци МАРРИ со седиште во Скопје, со Предлог на закон за кој што пред малку гласаа пратениците. Истиот закон е предложен и како претставници пред Парламентот треба да бидат госпоѓата Илинка Митрева и господинот Љубомир Михајловски. Тука колку што можам да видам присутен е само господинот Фуад Хасановиќ, заменик министер за надворешни работи. И очекував во контекст на ова што ни е предложено да слушнеме неколку работи кои што ќе не убедат како пратеници дека оваа ратификација ќе треба да ја потпишеме и да ја донесеме, со тоа што ќе стане правен акт во Република Македонија. Нашите забелешки, моите лични забелешки во однос на ова што го прочитав како предлог на текст, мислам дека сме имале можности да добиеме вакви агенции во Република Македонија кои што ќе донесат бенифит за државата и во основа секоја агенција, или секој регионален центар би требало да го носи сето тоа за да можеме да имаме некоја позиција од која што Република Македонија би извлекла некаков бенифит. За жал, кога беше бегалската криза во Република Македонија требаше да се формира агенција за помош на бегалците од Косово, тогаш таа истата се формира во Солун и се поминуваше преку нашиот јужен сосед, а оваа агенција ќе треба да регулира миграции, азил, визни режими и многу останати работи со кои што дали се предвидува криза, и ни беше потребно многу време од 2002 до 2005 година да можеме да го дефинираме сето ова. За мене се спорни три члена од овој закон, значи членот 14, членот 15 и членот 18. Спорни во која смисла? Република Македонија без разлика која агенција, кој регионален центар, или било што ќе прави во Република Македонија, јас мислам дека првото треба да биде за доброто на граѓаните на Република Македонија, значи да имаме бенефит. Таков бенефит овде не гледам апсолутно. И членот 14 кој што говори за комуникации и кореспонденции. Би го прочитал ставот 2 и ставот 3. Во официјалната комуникација Регионалниот МАРРИ центар ќе има право да ги користи сите средства за комуникација, вклучувајќи испраќање и примање на официјална коресподенција преку курир, или во запечатени пакети што ќе имаат исти привелегии и имунитети како и дипломатските курири и пакети како и да користи кодирани пораки. И ставот 3, за исполнување на своите официјални цели врз основа на претходна дозвола на надлежните органи. Регионалниот МАРРИ центар може да инсталира и користи безжични радио комуникациски системи. Мислам дека на овој начин без ограничување , без давање на право како сето ова ќе функционира, мислам дека можеме да се донесеме во многу непријатна ситуација, затоа што понатаму во членот 18 каде што ќе се регулираат некои од прекршоците што можат да се случат во функционирањето на овој центар, може да дојдеме до едно несакано решение. Значи, повторно ќе треба да се разгледуваат меѓу двете страни и тука ќе има проблем. Дефинитивно ќе има проблем, затоа што во старт не ги дефинираме работите како што треба. И тука за мене не е допустливо било кој регионален центар да биде доколку тој има свои комуникациски независни средства може да се вклучува со свои фреквенции каде сака и како сака без да биде контролиран, мислам дека е тоа проблем.

Во членот 15 имаме поддршка од страната домаќин. И сега Владата цело време ни говори дека нема средства, дека нема пари, при извештаите од многу агенции, при извештаите од многу комисии стигнуваме до ситуации да слушнеме дека средствата кои што се потребни да профункционира една агенција, или една комисија се огромни, затоа што нема простор, нема каде да функционираат и тие средства кои што треба да ги плаќа комисијата, или агенцијата се премногу големи, така што за активности остануваат многу малку пари. Во членот 15 стои поддршка од страната домаќин и се кажува: за потребите на Регионалниот МАРРИ центар страната домаќин без надомест обезбедува работен простор 420 м2, адаптација на работниот простор извршена пред влегувањето во сила на овој договор. Понатаму, паркинг простор во непосредна близина на седиштето, покривање на трошоците за тековно одржување на работниот простор освен трошоците за статичната и мобилна телефонија, тековно одржување на две возила што ќе ги користи Регионалниот МАРРИ центар, бруто плата за еден возач. И сега во ставот 2, добро е и тоа што е набележано што од страната домаќин не е финасиски одговорна за пензиското, инвалидското и здравственото осигурување на членовите на персоналот. Мислам дека е добро тоа што е внесено во овој член, бидејќи ако ги плаќаме сите тие работи, не знам што после тоа останува од сето ова функционирање на овој центар.

Членот 18, каде што стои решавање на спорови. Сите спорови настанати меѓу договорните страни во однос на толкувањето, или примената на овој договор е и во врска со прашањата што се однесуваат на односите помеѓу Регионалниот МАРРИ центар и страната домаќин, значи повторно страната домаќин, ќе ги решава заедничка координативна група составена од претставници на договорните страни што ќе биде формирана за тие потреби. Значи, повторно нема суд, дали е тој меѓународен, дали е судот во Скопје, или било кој. Имавме непријатни искуства, бидејќи тука се говори за возила, за сообраќајки кои што се случија на територијата на Република Македонија и каде што одговорните лица одговараа во некоја друга држава каде што беа и ослободени од секаква одговорност. За разлика од тоа на некој начин се повикуваат лица и каде треба и каде не треба и остануваат по затвори

заради некој сомнеж кој што трае со години. Јас се надевам само на еден бенефит. Граѓаните на Република Македонија, има луѓе кои што сеуште фигурираат бегалци после далечната 1948 година, значи еве веќе поминуваат 57, 58 години. Јас се надевам дека овој регионален центар ќе изнајде барем сила, или да принудиме да го поставиме тоа прашање да може некој пат да се реши за граѓани во нашата држава кои што еве сеуште важат за бегалци, барем да најдеме за нив некое решение. Се надевам дека забелешките упатени до заменикот министер за надворешни работи ќе допринесат барем малку да се размисли во однос на овие членови и ако постои можност амандмански Владата да интервенира и да ја заштити во основа Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Две кратки прашања до предлагачот. Дали ќе сакаат да ни ја образложат користа за земјава, без оглед дали е на внатрешен, или на надворешен план, бидејќи за Владата на Република Македонија е потпишан Силјан Аврамовски, министер за внатрешни работи, од другата страна национален координатор на Република Албанија на Пактот за стабилност господинот Хајдерага.

За вториот, доколку станува збор за поранешен министер во една од владите на Република Албанија, бидејќи нашиот поранешен министер за внатрешни работи обично имаше навика да душка по минатото, сегашноста и евентуално иднината и на граѓаните на Република Македонија и на странските граѓани овде, верувам дека не му избегало од вид дека овој национален координатор во Република Албанија е под истрага на органите на прогон на истата земја, затоа што во два наврати, како министер во една од владите на Република Албанија во последниве пет години на два пати ја напушташе сопствената земја и бараше азил во други земји, затоа што, доколку се работи за истото лице се разбира, беше обвинуван од органи на прогонот од некои земји членки на ЕУ дека е замешан во трговијата со шверц на цигари и со извезувањето на нелегални емигранти во Република Италија. Ако не друго, Република Македонија, заради своето достоинство можеби треба да почека, затоа што имаше избори во таа соседна земја, можеби ќе назначат нов регионален, нов координатор на Пактот за стабилност.

Во секој случај, можеби е најдобро ова да се тргне од дневен ред и затоа, доколку остане ова јас неможам да гласам од овие две причини. Не ја гледам користа и станува збор за лице што е предмет на прогон и во сопствената земја и на истражните органи од неколку земји членки на ЕУ.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Пред да го ставиме текстот на законот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Со седницата продолжи да раководи господинот Љупчо Јордановски претседател на Собранието на Република Македонија)

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Пратениците влегуваат во салата)

Благодарам.

Сега имаме 63 пратеници.

Ги молам да ги заземат своите места.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 55 гласале за, еден воздржан, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 10-Предлог за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот протокол за казнената конвенција за корупција, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот протокол за казнената конвенција за корупција.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за. Нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале за, нема воздржани, нема протиг.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Прелогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 58 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 11-Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за привилегии и имунитети на Меѓународниот кривичен суд, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за привилегии и имунитети на Меѓународниот кривичен суд.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 гласале за, нема воздржани, нема против.

Во салата сеуште се 62 пратеници.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Нема пријавено за збор.

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 55 гласале за, нема против, нема воздржани.

Во салата се присутени 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точката 12-Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основното образование со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Ве известувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на зкон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучува претресот.

(Во меѓувреме на видео-вимот се појави името на пратеникот Ристана Лалчевска)

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за основно образование.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 50 гласале за, нема воздржани, а пет против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на зкаонот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеници, 51 гласале за, нема воздржани, еден против.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Сашо Богдановски поднесе амандмани на член 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Абдулади Вејсели, Исмет Рамаднани поднесоа амандман на член 1, за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, под архивски број 07-3097/2 поднесен од пратеникот Сашо Богдановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука.

Повелете господине Positioning Положани.

**Азис Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Богдановски имате збор.

**Сашо Богдановски:** Благодарам господине претседателе.

Господине министер, почитувани колеги,

Амандманот е предложен со цел да овозможи рамноправен и еднаков статус, еднаква можност

на сите наставници за оделенска и предметна настава, со завршено вишо образование. Имено, како гледаме од Предлогот за измена на Закконот за основно образование, членот што ни е доставен од Владата и неговото образложение, јасно кажува дека се работи за регулатива што се однесува само на одреден број наставници со вишо образование. Тоа, според мене, значи дисквалификација на останатите колеги со исто такво образование, со исти услови.

Сметам дека со усвојување на амандманот ќе се овозможи да вработувањето на одредено време, што би го овозможил овој член, го уживаат и останатите колеги наставници со вишо образование. Конечно, сметам дека и оваа измена на Законот не е наменета да овозможи време за дооформување на нивното соодветно високо образование, тукуза стекнување на право за добивање на статус на вработени на неопределено време, наставници со вишо образование кои до 31.08 оваа година биле вработени.

Од овие причини сметам дека амандмано треба да биде прифатени и предлагам на Собранието да го прифати.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, 8 гласале за, нема воздржани, 46 против.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните)

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 под архивски број 07-3097/3 поднесен од пратеникот Сашо Богдановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Ве мнолам, кој бара збор?

Повелете господине Богдановски.

**Сашо Богдановски:** Благодарам, само кратко.

Бидејќи првиот амандман не е прифатен и е докажано дека намерата не е да се дообразуваат наставниците со вишо образование, ако била намерата таа, со ставање на нивниот ранг на редовни студенти, односно две години за дооформување на своето образование, мислам дека е дури и смешно образложението за таквата намера, па затоа нема смиесла овој амандман, така што го повлекувам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претресо по амандманот на член 1, за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претатавникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Положани.

Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Гласале 42 пратеника, 2 гласале за амандманот, нема воздржани, 40 гласале против.

Во салата во моментот на гласање беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Лалчевска повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам господине претседателе што ме уваживте да ми дадете збор, затоа што вашето брзање ќе изроди и неквалитетна работа на Собранието.

Со оглед на фактот дека не беа прифатени некои амандмани, кои требаше да го корегираат предлогот за измени и дополнувања, кој се состои од два члена, јасно стана намерата на Владата дека она што е во образложението, дека е потребно време за дообразување, односно докомплетирање на образованието на одреден број наставници кои се со вишо образование, е сосема друга, односно прашувам зошто овој закон кој беше изменет толку во текот на оваа година, со тогашните измени и дополнувања не беше предвидена ваква можност за дообразба, а секако дека тие имале можност да го докомплетираат своето образование во изминатиот период. Значи, не било потребно да се чека посебна измена на закон во оваа насока за да се задолжат да го докомплетираат своето образование. Со ова беа обврзани претходно.

Јас би сакала тука нешто друго да кажам околу законот за образование, се надевам дека нема да ми го земете како дигресија. Овој закон за образование, господине претседателе, по мене не е ни малку ни повеќе, туку десет пати менуван. И ако еден закон десет пати се изменил во изминатиот период, зборува дека Владата со решенијата кои ги нуди во предлозите за измени и дополнувања, како што е ова денешново, навистина, лута и нема определен правец каде го води образованието. Вакви решенија од типот на една одредба за решавање само на одредена бројка случаи, односно за разрешување на

определен случај, доведува до една хаотична состојба во образованието.

Јас би го молела ресорното Министерство да го анализира Законот за образование, да ги земе предвид сите измени кои досега се донесени, бидејќи навистина, станува претешко да се применува ваков закон и да излезе со нов предлог на закон за образование, комплетно нов во кој јасно ќе бидат зацртани насоките во кои го водиме образованието. А денешнава измена не можам да ја поддржам бидејќи е дисквалификаторна, односно е дискриминирачка за одреден број на наставници кои по некоја случајност не се затекнуваат во оваа категорија. Исто така, имаат вишо образование. Значи, не прифатлива е ваквата измена на овој закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Овој закон се гласа со двојно мнозинство, затоа ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата сега се присутни 63 пратеника. Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот X од Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 54 гласале за, 2 воздржани, 6 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

Кој е против молам да крене рака? (Нема).

Дали има некој воздржан? (Нема).

Значи, на седницата присуствуваат 14 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за Предлог законот гласаа 14 пратеници. Нема против и нема воздржан пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на законот за основното образование.

**Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за Управата за јавни приходи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете министре.

**Никола Поповски:** Претседателе, почитувани пратеници, дозволете да кажам накратко неколку збора за Законот за управата за јавни приходи. Меѓутоа, исто така дозволете неколку минути од вашето внимание за контекстот во кој овој закон треба да го разгледуваме.

Во јули месец оваа година, започнавме голем процес на даночна реформа во Република Македонија, кој ќе опфати посериозни и посеопфатни чекори на реформирање на сегашниот даночен систем.

Веднаш да соопштам во јавноста, веќе го соопштивме и на Комисијата, таму колегите кои присуствуваа дека оваа даночна реформа ќе биде многу сеопфатна, по обем голема и заради тоа ќе се одвива во наредните 40 месеци, односно во овој момент во наредните 38 месеци, со интенција да заврши до крајот на 2008 година и во три и пол годишен период, штом се одвиваат реформите, совршено станува јасно од каков опсег и од каков карактер ќе бидат тие.

Дозволете да ги набројам само некои од најбитните точки на кои ќе работиме, а се разбира многу помали детали, или законски решенија во текот на годините кои доаѓаат, или месеците кои доаѓаат ќе бидат понудени поединечно на Парламентот.

Веднаш да соопштам дека до крајот на 2005 година, значи во наредните 4-5 месеци ќе доставиме уште два закона кои ќе бидат променети во даночната свера: Законот за добивка и Законот за персонален данок на добивка. Уште не можам со сигурност да потврдам дали ќе бидат целосно нови закони, или сериозни измени и дополнувања на постојните закони, меѓутоа, тоа е само техничко прашање. Битно е дека и во тие два закона ќе има промени, кои ќе бидат доставени до крајот на оваа година.

Во врска со даночната реформа исто така, имаме амбиција да направиме сериозна реорганизација на функционирањето на даночните органи и на органите кои се бават со собирањето на други јавни приходи, особено на придонесите во Република Македонија кои знаете дека по обем се исто така релевантен јавен приход, односно јавен јавен расход на Република Македонија.

За таа цел, минимум 4 институции кои во моментот се занимаваат со тоа ќе бидат сериозно реорганизирани во деловите кои сметаме дека треба да бидат реорганизирани, преуредени, па дури во дел и унифицирани. Ќе кажам и за кои. Тоа се, се разбира, Управата за јавни приходи, како најголема институција и понатаму, трите фонда: пензискиот, здравствениот и Агенцијата за вработување, кои заради карактерот на работите ги собираат придонесите од платите.

Во делот на реорганизацијата во наредните десетина месеци, во рамките на Управата за јавни

приходи и во рамките на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, ќе формираме канцеларија за наплата на големите даночни обврзници во Управата за јавни приходи и канцеларија за наплата на стоте најголеми обврзници на придонеси од плати во Република Македонија, со тоа што во рамките на ПИОМ ќе ги интегрираме при наплатата на стоте најголеми обврзници и оние кои се обврзници за Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за вработување. Таа етапа треба да заврши до јули 2006 година, во рок од 12 месеци. За тоа отпочнати се подготовки да се прават и се прават и проучувања дополнителни на некои од деталите кои треба да се завршат. Амбицијата е, после формирањето на овие две големи плаќачи на даноци и плаќачи на придонеси во рамките на Управата за јавни прифоди и ПИОМ, во текот на наредните 12 месеци, после тоа да се направи нивно соединување во една институција и тоа ќе биде во рамките на Управата за јавни приходи, како една канцеларија за големите плаќачи на даноци и придонеси заеднички.

Се разбира, дека ќе се формираат во меѓувреме и пилот канцеларии за малите и средни плаќачи на даноци, кои во текот на реформата, ќе кажам на крајот, ќе завршат во рамките на Управата за јавни приходи, со нови надлежности и со нови овластувања.

Исто така, сакам да соопштам дека до крајот на периодот во кој ќе ги вршиме даночните реформи, ќе пристапиме кон една мошне сложена и сериозна задача, за која верувам дека ќе имаме многу полемики во општеството, кои во Парламентот кога ќе дојдат соодветните закони на расправа, со цел да извршиме унификација на даночните основици на кои се наплаќа персоналниот данок и сегашните придонеси за ПИОМ, за здравствено осигурување и за вработување во Агенцијата за вработување, со цел да се поедностави системот, да стане поефикасен и да се концентрира наплатата. Тоа ќе биде во завршна фаза и за тоа исто така ќе имаме многу детали, законски решенија и други акти, за кои во периодот кој доаѓа ќе ги предлагаме тие што се во надлежност на Собранието.

Да соопштам дека крајната фаза, до крајот на 2008 година, треба да овозможи наместо сега овие четири органи кои ги собираат и наплаќаат даноците од персоналниот данок и придонесите и вршат контрола и инспекција на таквата наплата, сето тоа да се обедини во рамките на Управата за јавни приходи, која ќе биде орган, која ќе врши унифицирана заедничка наплата на персоналниот данок и придонесите за сите три органи и соодветно на тоа, совршено станува јасно дека организациски, внатрешни реорганизации, ќе се вршат во рамките на сите три органи, со цел да се соединат кон Управата за јавни приходи до крајот на периодот во кој даночните реформи се зацртани.

Со тоа, Управата за јавни приходи ќе ја превземе врз себе и наплатата, меѓутоа и контролата, инспекцијата на сите видови на придонеси.

Во рамки на тоа ќе имаме и еден пакет на инвестиции, кои ќе се насочат кон овие реорганизации, или опремување и доопремување, најчесто помал дел во простор, а поголем дел и во хардверски и софтверски решенија, оваа даночна реформа да стане компактибилна со целите кои накратко сега ги соопштив.

Се разбира, ќе има уште многу детали, за кои сега нема потреба да зборуваме, тие еден по еден ќе доаѓаат пред Собранието, меѓутоа, овој краток вовед го дадов, само за да го поврзам со овој закон кој сега е на расправа, Законот за управата за јавни приходи, кој е првиот, и потоа имаме уште еден закон за даночните постапки, кој ќе оди во две фази, со оглед на неговата сложеност со кои практично во Парламентот ја отвораме таа реформа.

Дозволете сега да го претставам сосема накусо, со оглед дека по комисиите се дискутираше, материјалот е доставен, законот за Управата за јавни приходи кој ќе ја отпочне реорганизацијата и можностите УЈП да почне постапно да се прилагодува на дел од овие реформи кои сега ги спомнав.

Со Предлогот на законот за Управата за јавни приходи се уредува организацијата, делокругот, начинот на вршење на работата и раководењето со УЈП, како и овластувањата и одговорностите при собирање, евиедентирање, обработка, заштита на податоците и други работи во надлежност на Управата за јавни приходи.

Со Предлогот на законот се уредуваат и специфичностите во правата и обврските на службениците, како и нивната одговорност од работниот однос.

Понатаму, кодексот на однесување, наградите, признанијата како и финансирање на Управата за јавни приходи како орган на државната власт.

Во смисла на реализација на Законот за измена и дополнување на Законот за државнин службеници кој ова Собрание го донесе пред помалку од една година, со кој лицата со посебни должности и овластувања во Управата за јавни приходи се изземаат од примена на Законот за државни службеници, со овој закон ќе се уредат и тие односи со цел да се постигне повисок степен на професионализам кај даночните службеници особено оние со посебни овлстувања и должности, како и да се зајакне нивната одговорност пред системот.

За реализација на тоа се предлагаат решенија во поглед на правата, обврските и одговорностите од работниот однос, особено начинот на огласување на слободните работни места заради унапредување или прераспределлување внатре, уредување на основите на престанок на работниот однос, разработување на институтут суспензија од работа, уредување на работите што се неспоиви со службената должност,

стимулирање на работата преку награди и бонуси, следење на унапредување на кариерата, кодексите на однесување, одговорностите, дисциплинска, материјална одговорност и други детали.

Развојот на професионализмот кај администрацијата во оваа смисла ќе биде еден од основните стратешки цели на Управата за јавни приходи која ќе се стреми тоа да го оствари и преку развојна програма за постојана обука на службениците во текот на нивната работна кариера.

Понатаму, подобрување на работните услови и примена на кодексот за етика на службениците, како и развој на програмата за стимулирање на квалитетот на извршената работа, а со тоа и спречување на евентуалното коруктивно однесување.

Со донесувањето на законот ќе се создадат основи и за пристапување во процес на реорганизација на Управата за јавни приходи за која зборува на почетокот кои се целите во врска со нејзина подобра и поефективна организација во сите сегменти од нејзиното работење и особено можности таа да почне да се прилагодува на целите на даночната реформа како еден од важните институции за реформите кои сега накратко ги најавив.

Да соопштам дека од поднесените амандмнани на комисиите ги прифативме сите, а од понесените амандмани, со оглед дека законот е во последна фаза, не е толку сложен за да мора да го гледаме во две фази како наредниот закон, дел од нив ќе прифатиме, дел од нив ќе образложиме зошто нема да ги прифатиме.

Благодаам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам почитуван минисре.

Има збор пратеникот Емилија Костадинова.

**Емилија Костадинова:** Почитуван господине пртседателе, почитуван господине министре, почитувана директорке, колеги пратеници,

Од пакетот закони што ги најави министерот за финансии од сверата на даночната реформа после актуелната реформа во судството што треба да се донесе во наредните три години односно во 2008 година, на денешната собраниска седница меѓу првите е Предлогот за донесување закон за Управата за јавни приходи, со Предлог на закон.

Целта на донесувањето на овој закон е, како што најави министерот, да се изврши реорганизација на Управата за јавни приходи во ефикасна организација во делокругот на нејзината сфера на делување и наплата на јавните приходи, согласно законските прописи.

Министерството за финансии и Управата за јавни приходи ни нудат краток и јасен текст на Предлогот за донесување закон со 50-тина члена во кои настојуваат да се уреди начинот на функционирање на Управата за јавни приходи како орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице кое нешто е регулирано во член 2 став 1 од Предлогот.

Разработен е и делокругот на работата, организазцијата и раководењето со Управата за јавни приходи како и обврските и одговорноста на вработените лица.

Организационата поставеност не се менува и останува иста како и досега така што Управата за јавни приходи работите од својот делокруг ќе ги извршува и понатаму преку генерална дирекција со седиште во Скопје, регионални дирекции и даночни одделенија.

За избегнување на обврската за плаќање данок преку разни валверзации што досега се случуваа, посебно со регистрација на нови фирми, стечај, ликвидација и слично, сега во член 15 став 2 се дава можност Управата за јавни приходи да може од надлежниот суд кај кого е поведена постапка за статусни промени било да е спојување, припојување или поделба или промени во трговскиот регистер како регистрација, пререгистрација и слично да бара запирање на постапката за период од 60 дена за да може да се утврди дали има неплатени јавни давачки од подносителот, што значи во тој период да се изврши потребната контрола и да се види дали давачките кон државаа се платени или не.

Всушност со овластувањата од овој член ќе се овозмочи да не ни се случуваат даночни затајувања како сегашните актуелни даночни пирамиди кои државната каса ја имаат оштетено со милиони евра користејќи го моделот на регистрирање на фирми ќерки или ликвидација на фирми за да се избегне плаќањето на данокот.

Надлежните судови кај кои се водат овие постапки ќе бидат обврзани да ја известуваат Управата за јавни приходи кога ќе покренат таква постапка.

Во вториот дел од Предлог текстот се регулирааат правата, обврските и одговорностите на службениците во Управата за јавни приходи како и кодексот на нивното однесување, односно се предлагаат решенија за зајакнување на нивната одговорност и професионализам со цел тие да бидат вистински професионалци во својата служба.

Даночните инспектори ќе мора чесно, совесно, одговорно и безкомпромисно да влезат во битката со даночните затајувачи поради што или ќе напредуваат во службата или ќе следува нивно прераспределување, казнување или отстранување од работното место поради нечесно, неодговорно и несовесно вршење на своите работни обврски.

Предлагајќи вакви мерки по теркот на германското законодавство, како што истакна министерот на Собраниската комисија за финансирање и буџет се сака да им се стави крај на сите даночни малверзации од домашните бизнисмени кои се богатат на сметка на државата.

Моите забелешки во пооделни членови дел беа прифатени од министерот за финансии во расправата на Комисијата за финансирање и буџет, а дел ги предложив како амандмани на оние членови каде што сметав дека не се усогласени со Законот за работни односи или треба да имаат поинаква или појасна формулација, па затоа сега во дискусијата не ги изнесувам односно ќе ги коментирам по амандманите.

Ценејќи ги напорите и на Министерството за финансии и на Управата за јавни приходи да ни предложат законски текст што ќе овозможи издвојување на делот од законот за утврдување и наплата на јавните приходи од делот што ја регулира организационата поставеност на Управата, ја давам мојата поддршка на Предлог законот, сметајќи дека со тоа ќе се овозможи неопходната ефикасност во работењето на една таква битна институција каква што е Управата за јавни приходи која со реформите би требало да прерасне во ефикасна државна институција која во секој момент ќе може да одговори на предизвиците на пазарното стопанство.

Сметајќи дека основната цел на понуденото законско решение ќе придонесе да се одбегнат недореченостите што досега овозможија да се појават такви аномалии како избегнувањето на плаќање данок, ќе ја дадам мојата поддршка и покрај забелешките што ги дадов на пооделни членови кои сметам дека се во функција на подобрување на даденото законско решение, а суштината и концепцијата на истото не ја менуваат.

Истовремено очекувам тие што се оправдани дека ќе бидат прифатени.

Почитувани колеги, само целосно регулирана и дефинирана работата на Управата за јавни приходи и нејзините службеници може да придонесе за сузбивање на злото наречено даночно затајување и јакнење на функциите на државата, а не јакнење на поединци на сметка на државата.

Тоа е накратко она што сметав дека е неопходно потребно да се каже во поддршка на позитивно изјаснување по понуденото законско решение.

Благодарам за вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Јашари имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател.

Така како што се кажа од министерот во неговото излагање, но и од претходните дискутанти за уредувањето и организирањето на Управата за јавни приходи, но и начинот на утврдување на наплатата на даноци кај нас е уредено со еден заеднички акт, со еден заеднички закон каков што е Законот за утврдување и наплата на јавните приходи.

Но и покрај тоа поради отпочнатите реформи има залагања прашањата за организирање на Управата за јавни приходи да се уреди со посебен закон, закон за кој расправаме додека постапката за утврдување и остварување на даноците ќе се уреди со посебен закон, каков што е Законот за даночна постапка кој исто така е на дневен ред.

По овој повод сакам да го поздравам предлагачот, бидејќи во согласност со одредбите предложени во текстот на овој закон мислам дека ќе се зголеми начинот на организирање на Управата за јавни приходи, туку дека ќе се зголеми и ефикасноста на работењето на оваа управа, бидејќи тоа што посебно ми остави впечаток дека се прават максимални залагања вработените во оваа управа, покрај другото, да се стимулираат и преку утврдување на одредени награди или одредени бонуси како што се нагласува во текстот на овој закон. Тоа е новина која не постоеше во Законот кој е на сила.

Од друга страна, имајќи го предвид фактот дека преку овој закон се создава одредена правна можност вработените во оваа управа да можат својата кариера да се унапредуваат преку преместување на нивните работни места без да има потреба од јавни огласи, новина која исто така не е присутна во постојниот закон.

Посебно што би сакал да нагласам што е клучната причина зошто зедов збор е дека иако од министерот слушнавме дека ќе има измени во вертикалниот начин на организација на Управата за јавни приходи, но и покрај тоа сакам да нагласам еден друг факт, станува збор дека преку овој закон се утврдува начинот на организирање од хоризонтален аспект во генералната дирекција и регионалните дирекции и даночните одделенија.

Сите знаеме дека на државно ниво во Република Македонија во моментот постојат 6 регионални дирекции кои во себе опфаќаат неколку даночни одделенија. Имајќи ги предвид реформите, а од друга страна имајќи ја предвид фискалната децентрализација како и практичните проблеми, мислам дека во иднина треба да се имаат во предвид овие три елементи и во моментот кога Управата за јавни приходи ќе ја предложи новата организација би било добро да се предвидат поголем број даночни одделенија поради еден факт кој претходно го нагласив. Имав дилема дали е добро ова прашање да се уреди како што е предвидено или ова прашање да се уреди со одредби или со членот 5 од овој закон. Но, и покрај тоа анализирајќи го ова дојдов до констатација дека би било добро ова прашање да се уреди со правилник затоа не предложив посебен амандман.

Сакам да нагласам дека ова мислење кое го нагласив го делат и други пратеници.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јашари.

Госпоѓо Којзеклиска 7 минути дали ќе ви бидат доволни?

Повелете, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Јас навистина не знам дали реформите во даночната политика започнуваат од министерот за финансии Никола Поповски или малку порано. Дали мотивот да министерот е она што го кажа колешката Емилија Костадинова таа фамозна даночна пирамида која министерот често ја кажуваше во своите изјави е причина за толку сериозно да се зафатиме со реформи во даночната политика во која спаѓа и овој Предлог на закон за Управата за јавни приходи каде се систематизирани правата и обврските на службениците во регионалните и во Управата за јавни приходи со седиште во Скопје.

Некои од моите колеги спомнаа, а мислам дека и министерот тоа го сомна дека начинот на утврдувањето и наплатата на јавните приходи е регулирано со Законот за утврдување и наплата на јавни приходи, меѓутоа, самата организација на Управата за јавни приходи со оглед на реформимте кои ќе следат треба да биде регулирана со овој Предлог на закон.

Јас имам, почитуван министре, неколку конкретни забелешки во однос на самиот текст на законот.

Првата забелешка ми е во однос на членот 9 каде е уредено кој може да биде директор на Управата за јавни приходи. Согласно тој член ставот 1, со работата на Управата ќе раководи директор.

Став 2, директорот на Управата за јавни приходи може да има заменик

Ставот 3, директорот и заменикот на директорот на предлог на министерот за финансии ги именува и разрешува од должност Владата на Република Македонија за период од четири години со право на повторно именување,

Став 4, именувањето на дирктороt и заменикот на директорот се врши врз основа на нивна стручност и компетентност.

Јас министре не видов никаде што тој директор треба да има завршено од образование, колку работно искуство треба да има тој директор затоа што треба да биде директор на Управа на јавни приходи. Бараме темелни реформи, зошто е испуштено, дали намерно или случајно незнам, меѓутоа, факт е дека во Законот не стои, значи секој со завршено било какво образование како на пример шумарски факултет, земјоделски факултет може да биде директор на Управата за јавни приходи ако веќе со овој закон вие барате да се систематизира организацијата на Управата за јавни приходи.

Втора забелешка.

Во членот 24 - општите одредби од специфичности во правата и обврските и одговорностите на службениците во работните односи, во ставот 1 се вели дека за службениците се применува Законот за работни односи и општите и посебните прописи од областа на здравствено, пензиско итн.

Во ставот 2 велите дека за вработените лица во Управата за јавни приходи со статус на државен службеник се применува Законот за државни службеници и за вработените како аминистративно технички или помошни работи се применува Законот за работни односи и другите општи прописи во работните односи.

Во наредниот член 25 каде стои вработување велите во Управата за јавни приходи може да се вработи лице кое според општите услови ги исполнува и посебните услови предвидени во актот за систематизација на работните места во Управата за јавни приходи.

Јас се извинувам министре, меѓутоа, не може актот за систематизација на работните места во Управата за јавни приходи да биде повисок акт од Законот за работни односи или Законот за државни службеници, кога веќе во претходниот член велите дека мора да ги исполни општите и посебните услови од Законот за работни односи или од Законот за државни службеници.

Во членот 30 - суспендирање ставот 5 - Одлуката за суспендирање или враќање на работа на службеникот ја носи директорот во писмена форма.

Ставот 6, против одлуката од ставот 5 на овој член службеникот има право на приговор до директорот во рок од 8 дена од денот на доставување на одлуката.

Значи кадија те тужи, кадија те суди. Ем одлуката ја донесува директорот ем службеникот пак приговор до директорот. Двостепеност на постапката не е застапена, а се работи за една важна институција.

Барате во член 33 да ги исполнува соодветните здравствени стандарди за вршење на работите на работното место, дали и во актот за систематизација на работите во Управата за јавни приходи се предвидени кои се тие здравствени стандарди или ќе мора како стандарди да ги бараме од соодветното Министерство за здравство за да може тој службеник да биде вработен во Управата за јавни приходи или евентуално да напредува во својата кариера.

Имате и прекувремена работа по наредба на непосредниот раководител можат службениците да работат и во смени и преку времено, тоа се случува и на други работни места и таму се пуштаат соодветни инспекции.

Вака апсолутно не применливо ми е министре членот 45 каде велите тешка повреда на службените и работните обврски алинеја 4, значи како тешка повреда на службените и работните обврски на вработените во Управата за јавни приходи се смета одбивање тестови за утврдување на присуство на алкохол или наркотични средства во организмот. Убаво што е предвидена ваква одредба, меѓутоа, ме интересира практичната примена на одредбата дали непосредниот раководител ќе мора да има ампула со која ќе му даде на соодветниот службеник да дува, за да види колку алкохол има во крвта на тој службеник. Наркотичните средства можеби ќе треба крв да се зема дали тоа на лице место или ќе го транспортираме до надлежната здравствена институција, незнам.

Како закон јас и претходно кажав добро е . . .

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска 14,00 часот е, уште колку ви треба, една минута може?

**Марија Којзеклиска:** 32 секунди. Сериозната намера на Министерството, доколку е сериозна, за реформи во даночната политика заради практична применливост можеби овој закон е добар, колку ќе биде практично применлив, ние многу закони донесовме практично не применливи за да не се зборува постојано дека опозицијата не е конструктивна, дека опозицијата опструира, јас лично ќе го поддржам законот на министерот, меѓутоа, определени забелешки до заршувањето на расправата посебно во делот на директорот како Влада имаат право да поднесат амандмани до завршување на претресот, инаку јас ќе го поддржам законот почитуван министре.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, беше повеќе од 32 секунди, значи бев великодушен.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата)

**Љупчо Јордановски:** Почнуваме со работа.

Госпоѓо Лалчевска, имате збор, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Би сакала само неколку збора околу Предлогот за донесување закон за управа за јавни приходи, со кој на некој начин се создаваат услови за еден процес на реорганизирање на Управата.

Јас нема да ги изнесам, прво, би сакала да кажам дека и покрај тоа што не е многу обомен овој закон, сепак, подржувам и секогаш почитувамносење на закон во фази. Затоа, сакав министерот да одеше во две фази, она што значи носење на нормална процедура на еден закон, затоа штона тој начин доаѓаме до поквалитетни решенија.

Некој од забелешките кои ги имав веќе беа изнесени од претходните говорници. Јас единствено ќе изнесам забелешки по членот 29 од Предлогот околу престанокот на работниот однос. Во членот 29 став 2 каде што се определуваат случаите на престанок на работниот однос во Управата за јавни приходи е предвидено дека ако трајно ја загуби здравствената и физичката способност за извршување на должноста во Управата за јавни приходи како последица на болест или намалување на физички и ментални капацитети, ќе добие отказ. Јас искрена да бидам до сега во ни еден закон не сум видела вакво решение. Веќе ако настапат вакви услови, тогаш тие сосема се подведени под точката 3 односно ќе ги исполни условите за предвремено пензионирање односно одење во инвалидска пензија.

Предлагам оваа точка 2 да се избрише, бидејќи ниту е во ред со сите позитивни закони неусогласена, ниту пак, затоа што ако настане таква ситуација, секако дека таквиот вработен ќе оди во инвалидска пензија. Не може по ваков основ да му престане работниот однос и едноставно да биде оставен на улица. Затоа, единствено таа забелешка ќе ја изнесам, а она се друго што веќе беше кажано нема да одземам време на седницата. Уште еднаш, молам, ваквата одредба да се брише, бидејќи не е ниту хумана, ниту правно во ред. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски, имате збор, повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Би сакал како известител на Комисијата за финансирање и буџет да кажам неколку збора по однос на овој закон. Значи, Комисијата го разгледа овој закон, едногласно го прифати во присуство на министерот за финансии, каде што како член на Комисијата имавме можност да слушнеме што е она што се предлага, да ја разгледаме и потребата и содржината од овој закон. Морам да кажам дека овој закон и сега кога дискутираме и таму на Комисијата, не може да се гледа онака изолиран, надвор од овој пакет кој што сега ни се нуди во текот на оваа седница, значи во контекст на Законот за даночна постапка и оние други, особено Законот за даночна постапка. Затоа што, овој закон со тој е на некој начин во директна поврзанос. Сега, ако се согледаат и двата закони и она што се нуди како содржина, но и она што е цел на предлагачот, очигледно е дека постои потреба од донесување на овој закон, затоа што, треба оваа материја да се регулира во еден единствен закон, заради сите оние проблеми кои што во текот на овие изминати години преовладуваа.

Значи, законот се нуди како од една единствена причина, една единствена цел да се зголеми ефикасноста на работата на Управата за јавни приходи. Од друга страна ако се види дека оваа материја беше регулирана во неколку закони, а и таквата регулатива до сега како што беше регулирано и во повеќе закони...

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, се извинувам, можеби подолго ќе зборувате, би сакал само да поздравам една делегација која што е присутна сега горе од Кралството Норвешка, од Минстерството за труд семејство и деца и Правобранителот за заштита на женските права. Тие се присутни и да ги поздравиме. (Аплауз)

Се извинувам, статистички и да зборувате долго, може за тоа време да заминат.

Повелете, продолжете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Значи, целта е да се зголеми ефикасноста на работата на Управата за јавни приходи, со тоа што и организационио тдел, но од друга страна и процедуралниот дел, сега се синтетизира во еден закон, каде што се она што до сега можеби беше слабост, се она што до сега претставуваше пречка за една поголема ефикасност, сега се сублимира во еден закон кој што би требало да ги даде позитивните решенија. Пак ќе кажам во контекст на она што го кажав на почетокот, ако на овој закон се додаде и оној другиот кој што треба

да се донесе во Собранието, законот за даночна постапка, тогаш добиваме една комплетна материја и тогаш ни е јасно зошто и овој закон се нуди.

Ќе се надоврзам на проблемот што и колешката Ристана Лалчевска го отвори во смисла на тоа што овој закон логички е, ако е веќе законот за даночна постапка во редовна процедура, тогаш и овој закон требаше да оди во редовна процедура, со оглед на тоа што се носат одредени новини и со оглед на тоа што сепак како пратеници, настрана од тоа што значи Деловник е логички и нормално овие закони да ги гледаме во една редовна процедура. Меѓутоа, овој проблем беше истакнат на Комисијата за финансирање и буџет и од министерот добив објаснување и од директорката на Управата за јавни приходи дека основна цел поради која што предлагачот бара односно предлага овој закон да оди во скратена постапка е тоа што оваа Управа односно Управата за јавни приходи треба да биде консолидирана односно треба да биде организациски оспособена и некаде од 1 јануари 2006 година да почне со работа во смисла на овие координирани нови законски решенија.

Од тие причини сфативме дека има време до тогаш и дека ваквата една постапка може да го даде резултатот, поради што и на самата Комисија имаше и доста дискусија, а поднесовме и одреден број на амандмани кои ни беа прифатени и мислам дека горе-долу текстот со извесни мали забелешки може да ја помине онаа фаза за да се оствари целта. Ако во еден закон имате една комплетна материја на организациската поврзаност на Управата за јавни приходи со сите нејзини надлежности, како и правата и обврските, особено инспекторите кои треба согласно овој закон да ја обавуваат таа дејност, како и оние решенија кои што сега се имплементираат и кои што се применуваат во Европската унија, а кои што значат мерки на поболем и засилен надзор, се со цел да имаме и поголема контрола врз работата на субјектите кои што го опфаќаат данокот, но и внатре во самата организациска поставеност во Управата за јавни приходи, треба да го даде резултатот.

Од тие причини и Комисијата го прифати овој закон, го подржа овој закон и Комисијата смета дека е потребно донесувањето на истиот. Од тие причини беше и прифатен. Така што, чувствував потреба како известител тоа да го кажам, затоа што во основа и најголемиот дел од расправата беше апсолвирана токму на Комисијата за која што и поднесовме Извештај. Значи, се на се можеби има одредени забелешки во одредени членови,како и оној што го наведе колешката Ристана во членот 28 и уште неколку други членови, но сепак сметам дека треба да се даде подршка за да на некој начин оваа Управа да профункционира и да не биде кочница самото носење на законот за имплементирањето на она што значи одредби по овој закон.

Мора да истакнам дека и овој закон, но и оној другиот кој што ќе дојде на ред, а тоа е даночната постапка, навистина има доста новини, кои заслужуваат внимание и заслужуваат подршка. Еве, да речеме, тука е една од новините полагањето на заклетвата кај оние што треба да ја извршуваат таа должност, треба да биде некаква повисока морална одговорност или поголем мотив за да може подоследно да се работи работата, како и одредени работи каде што се и престанокот на работен однос, суспендираните сите оние права и обврски од работниот однос кои што се усогласени и мора нормално да бидат усогласени со Законот за работни односи, кој што меѓувреме го донесовме, а кој што е прилагоден односно одредбите се прилагодени согласно на она што значи оваа Управа за приходи. Сметам дека една ваква комплетна материја треба да даде подобри резултати во она што значи поефикасна наплата на данокот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки, нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата пред да пристапиме кон гласање на заклучокот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејки се присутни 61 пратеник, преминуваме на гласање на заклучокот кој гласи: Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Управата за јавни приходи.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 56 пратеници гласале за, нема воздржан, 1 пратеник гласал против, а во Собранието како што реков се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 55 пратеници гласале за, нема воздржан, 1 пратеник гласал против, а во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 11 став 2, член 21 став 3, член 22 и на член 32 став 1 точка 9, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 11 став 2, член 20, член 26 став 1, член 45 алинеја 5 и на член 49 став 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Емилија Костадинова поднесе амандмани на член 27 став 2 за бришење на

точка 5 "заклетва" и за бришење на член 28, член 32 став 1 за менување на точка 2, член 33 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 33 став 3, член 36 во воведната реченица, член 40 за менување на став 4 и на член 40 за менување на став 5, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ангел Димитров поднесе амандман на член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Ангел Димитров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Амандманот не го прифаќам, затоа што во случаите кои се наведени во амандманот, институтот изземање од постапката ќе биде применет согласно член 40 став 2 од Законот за општа управна постапка, каде што институтот, односно тој Закон исто важи во постапката и затоа нема потреба и во овој закон да го примениме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

52 пратеника гласале, 8 за амандманот, 1 воздржан и 43 против.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 2 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не го прифаќаме бидејќи пробната работа се однесува во овој закон на службениците со посебни овластувања и одговорности и согласно вториот дел од Законот се уредуваат специфичностите во правата и обврските, како и одговорностите на службениците од работниот однос, а во Предлогот на законот се дава законска можност на поинакво уредување во овој закон од одредбите на Законот за работни односи, па врз основа на тоа сметаме дека треба да остане така.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, од кои 4 гласале за амандманот, 3 воздржани и 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на точка 5 "заклетва" и за бришење на член 28 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот не го прифаќаме од причина што институтот "заклетва" е содржан во Законот за државни службеници, член 17.

Со оглед дека овде има вработени за кои тој закон не се однесува, не се државни службеници, туку имаат посебни овластувања кои се уредуваат со овој закон сметавме дека е потребно институтот да остане за таа категорија на службеници и во овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 46 пратеника, 3 за амандманот, 3 воздржани и 40 против.

Во салата се присутни 66 пратеника. Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1 за менување на точка 2 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Ние сметаме дека содржината на предложениот амандман од госпоѓа Костадинова веќе е содржана во ставот 1 точките 1 и 2 од овој член, значи се содржи по наше видување и нема потреба од повторувања. Затоа не го прифаќаме амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 44 пратеника, 3 за амандманот, 3 воздржани и 38 против.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Не го прифаќаме амандманот затоа што согласно Законот за работни односи се предвидува ваква примена на членови во други закони. Тоа е согласно член 25 точка 5 од Законот за работни односи, новиот закон.

Врз основа на тоа упатување на посебни закони сметаме дека амандманот не треба да се прифати.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 44 пратеника, 1 за амандманот, 3 воздржани и 40 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 3 поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски. Повелете министре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас се извинувам, малку и заради акустиката. Значи, амандманот не го прифаќаме, затоа што согласно Законот за работни односи член 25 точка 5 - Управата одлучува, значи Законот дозволува да се одлучи од работодавецот, во кој случај и околности ќе го упати службеникот на медицински преглед. Врз основа на тој закон, сметаме дека ова решение треба да остане.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не се пријавил за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 46 пратеника, 2 за амандмаснот 4 воздржани и 40 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 36 во воведната реченица поднесен од пратеникот. Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 за менување на став 4, поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 за менување на став 5, поднесен од пратеникот Емилија Костадинова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 од кои 49 за, 1 воздржан, нема против.

Бидејќи до 60 има премногу, затоа молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Го поништувам гласањето бидејќи во салата се присутни 60 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Во салата влегуваат некои пратеници).

Сега имаме 61 пратеник.

Го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 52 пратеника, од кои 50 за, 2 воздржани, нема против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за управата за јавни приходи.

**Минуваме на точката 14 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за царинска управа, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Почитуван министре,почитувани колеги,

Пред нас е уште еден закон за донесување закон за изменување на Законот за царинска управа. Очекував дека министерот ќе се јави и ќе образложи зошто, како што ни образложи за претходниот закон што е причината во овој момент Владата да бара продолжување на рокот за наредните две години за донесување на овој закон. Всушност ова е закон од два члена.

Член 1 во кој се вели во Законот за царинска управа, во членот 80 зборовите "една година" се заменуваат со зборовите "три години" и

Член 2 во кој се вели дека овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Членот 80 од Законот всушност ги кажува подзаконските прописи чие донесување е предвидено со овој закон да се донесе во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Влегувањето во сила на овој закон беше во месец јули 2004 година, а сега е септември 2005 година и министерот во образложението вели дека се донесени некои од подзаконските акти, а некои треба да се донесат. Можеби има некое оправдување поради новиот царински закон кој стапи на сила на 30 мај 2005 година, но и до 30 мај 2005 година имаше цели десет месеци во кои што овие подзаконски акти можеа да бидат донесени. Истото не е сторено како со многу закони и сега повторно имаме одолговлечување на донесените подзаконски прописи. Всушност донесените закони апсолутно не можат да бидат во функција. Тоа се случува со ред со многу закони кои што ни се предложени, затоа што министерствата си земаат за право да донесат некои рокови каде што подзаконските акти ќе бидат донесени за шест месеци, за една година, за десет месеци, но во праксата се случуваат токму овие работи и останува некоја друга влада да ги дозаврши овие подзаконски акти, а можеби тогаш ќе добиеме и ново законско решение.

Во однос на тоа кој подзаконски акти и пропси не се донесени ако има оправдување за ова што значи прв дел каде што актот на организација на работа и систематизација на работните места во Царинска управа, бидејќи сега се променети, можеби има и оправдување, но вториот дел - проверка на работни способности и процедура за започнување на работа, пробна работа, систем на оценување, процент на плата за 50% плата, систем на наградување, евиденција на наградување во кариерата и кодекс на однесување мислам дека апсолутно незнам кој закон се чекало за да бидат донесени и да можат да функционираат. За тоа оправдување нема. Ние можеме секогаш да бараме рокови и времиња за одолговлечување на донесување на некои закони, но во основа, уште еднаш ќе кажам кога ќе побараме подзаконските акти да бидат презентирани или до каде се направени кога предлагаме некои закони се кажува дека се работи на тие подзаконски акти и дека многу скоро ќе бидат готови а тоа скоро е веќе три години. Мислам дека тука имаме голем проблем и нон стоп се употребува и барањето на министерствата е токму во оваа насока. Значи, она што е донесено од подзаконските прописи, правилникот за формата, содржината и начинот на употребата на симболот на царинската управа мислам дека е работа која може да се донесе во една недела. Уредба за употребата на средствата за присила, како и носењето и употребата на огнено оружје од страна на царинските служби, оперативна инструкција за работите и дејностите кои се во судир со службената должност на царинските службеници и правилник за видот на документите и податоците кои се означени како службена деловна  и друга тајна на начинот на нивното чување и заштита. Ова е влезено и во други закони и мислам дека Министерството требаше да најде начин да ги донесе и да ги заврши овие подзаконски акти на кој што ќе можеше да бара сега во моментот промена. Ние таквите ги немаме и сега останува во наредните две години да се надеваме дека некој друг Парламент со други пратеници ќе ги донесе овие измени. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Благодарам.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Сега имаме 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

"Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за царинска управа."

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 51 пратеник, 47 за, нема воздржан, 4 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, 48 за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете министре имате збор.

**Никола Поповски:** Само сакам да упатам на тоа дека не треба да се драматизира состојбата како што господинот Мавровски ја направи.

Сите подзаконски акти се донесени, без исклучок, освен подзаконскиот акт кој ги уредува работните односи на царинските службеници и тој не е донесен заради тоа што уште пред шест месеци во процедура во Собранието влезе нов закон за работни односи кој влијае на тој подзаконски акт. Значи ние чекавме да се донесе Законот за работни односи и врз основа на него и колективните договори кои треба да се потпишат, со подзаконски акт ќе се уреди и последната работа. Инаку сите други се донесени уште порано. А зошто бараме плус две години, затоа што само Законот за работни односи е недоволен за нас за да го донесеме подзаконскиот акт. Таму има одредби кои кажуваат дека и колективните договори ќе се применуваат, а колективните договори знаете дека се трипартитни, што значи зависи од волјата на работодавачите и од волјата на Синдикатот, да ги потпише заедно со Владата. Затоа ставаме резерва, кога тоа ќе се случи, да го донесеме и тој акт.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидеји нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 52 глсале за, тројца воздржани и тројца против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за Царинската управа.

**Минуваме на точка 15-Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светската банка по Договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закнот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Костадинова, имате збор.

**Емилија Костадинвоа:** Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувана директорке, колеги пратеници.

Сосема накратко само за да не помине незабележано, во интерес да се запознае и јавноста, зедов збор по Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, односно Светската банка по Договорот за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционалното зајакнување, со Предлог-закон, што како точка го имаме на денешната 107 седница на Собранието. Имено, Република Македонија за да стане модерна европска држава, да ја подобри деловната клима и да може да привлекува странски инвестиции, по земањето заем исто така од Светската банка за реформските зафати за Проектот за катастар и регистрација на недвижности кој неодамна го прифативме, денес ни го доставува и овој Предлог под исти услови како и претходниот што го донесовме.

Сигурно, по извршените анализи, Владата заклучила дека се потребни реформи и во тој дел, што се под ингеренции на Министерството за економија и сигурно по добиените сознанија од тие анализи, користеното искуство и поддршката од Светската банка, дојдено е до преговори со истата, така што на 21 јуни о.г. како што е наведено во образложението, Меѓународната банка за обнова и развој, односно светската банка прифатила да и одобри заем на Република Македонија, по Проектот за реформа на деловното окружување и институционалното зајанкување, кредит во износ од 8,8 милиони евра. Значи резултатот на таа нивна поддршка на нашите реформи е овој Предлог од Владата за донесување закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Светската банка кој Собранието треба да го донесе се со цел да може да се финансираат реформите по Проектот за реформи на деловното окружување и институционалното зајакнување со кој Проект е се извршат реформи во повеќе сегменти.

Тоа што пред се ќе ги интересира граѓаните сигурно е намената на заемот, односно за што ќе се искористат тие средства од 8,8 милиони евра. Тоа е повеќенаменски заем за следните цели:

Прво, намената ќе биде да се изгради една регулатива за деловното окружување пред се

преку градење на институционална и правна рамка која ќе ни биде неопходно потребна за развој и имплементирање на сите реформи што ги вршиме.

Втората намена е за системот за метеорологија, стандардизација и тестирање на квалитетот, бидејќи реформите во тој сектор ни се потребни, се со цел нашите услуги што се вршат од страна на тие институции да бидат компатибилни со услугите кои се вршат од такви институции во Европската унија.

Третата намена е наменета за политиката за конкурентност и тука целта е да се имплементира каков режим за политика на конкуренција која ќе биде во согласност, исто така, со европското законодавство.

Следната намена е да се овозможи поголем пристап кон информациите, при што средствата ќе бидат наменети пред се за Народната банка на Република Македонија, Централниот депозитар, односно Народна банка на Република Македонија ќе користи дел од заемот во износ од 276 илјади евра, со што ќе оформи целосен систем за давање на информации за заемопримателите, информација која е многу битна, а додека пак Централниот регистар од кредитот ќе користи износ 1.770.000 евра за потребите за воведување на едношалтерскиот систем кој подолго време веќе се најавува дека ќе се воведе во нашата држава.

И последната намена е дел од кредитот да се користи за раководење со Проектот односно за која цел ќе се формира посебна единица која ќе го имплементира тој проект. Нејзината основна цел ќе биде да ги следи секојдневните активности околу спроведувањето на сето тоа што понапред го кажав, намените кои се предвидени со тој Проект. За тоа ќе биде задолжена да го известува Министерството за економија како тече имплементацијата на тој Проект. Затоа, почитувани колеги, нашата сериозност кон реформите кои се вршат во сите домени ќе ја покажеме со тоа што ќе ја дадеме нашата поддршка да се донесе овој закон, иако тоа секако ќе значи ново финансиско задолжување на Република Македонија кај Светската банка, во износот што веќе го наведов и после оној заем за реформа на Проектот за катастар и регистрација на недвижности кој беше во износ од 10,3 милиони евра што веќе го донесовме на една од претходните седници, пред одморите.

Покрај намената, што исто така секогаш ја интересира јавноста, е дали се поволни условите под кои ќе се користи заемот. Од она што ни е наведено во член 3 од Предлогот на законот каде се дадени деталните услови под кои ќе се користи овој заем, можеме да констатираме дека тие навистина се поволни за Република Македонија и во споредбата со оној претходниот договор дека се и вообичаени за користење на такви кредити од Светска банка. Кредитот е долгорочен со рок на отплата од 17 години и грејс период од пет години во кој ќе се врши имплементација на Проектот, каматна стапка од 0,75% на годишно ниво, со тоа што почетокот на отплатата е 2010 година, а последниот ануитет завршува во 2022 година.

Тука, исто така треба да напопмнеме дека Владата на Република Македонија исто така има учество во овој заем од 955 илјади евра кои средства ќе се користат за плаќање на донациите, таксите, царините и другите оперативни трошоци, во периодот од пет години односно во грејс периодот додека трае имплементацијата на Проектот. Покрај Владата сопствено учество ќе има и Централниот регистар во износ од 177 илјади евра и Народната банка на Република Македонија, во износ од 27.600 евра, како свое сопствено учество.

Од причина што средствата од заемот ќе се враќаат во Буџетот на Република Македонија, сметам дека ова кратко образложение е сосема доволно и за нас пратениците и за јавноста, да ја оправдаме потребата и да дадеме поддршка за задолжување на Република Македонија со заем кај Светската банка, поради намените што ги напомнав.

Јас ја давам мојата поддршка. Очекувам исто така и сите колеги пратеници ќе гласаат позитивно, а исто така моја сугестија е и понатаму да добиеме една информација од Министерството за финансии за сите оние заеми и задолжувања за кои ова Собрание донесе закони, да видиме како тече имплементацијата на тие проекти, мислам средствата за кои се наменети.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мавровски имате реплика.

**Спиро Мавровски:** Колешката многу добро го даде образложението. Очекував дека министерот ќе каже некој збор, но нема повеќе што да се каже после ова што го искажа и колешката, апсолутно се што е дадено и во информација за нас како пратеници. Но, граѓаните ќе ги интересира нешто друго. Тоа е оној последниот дел. Значи Македонија повторно се задолжува со два заеми некаде од 19 милиони евра. Сега е многу лесно, ние ќе кажеме има грејс период од пет години и еден ден некој друг ќе ги плаќа тие заеми и ова што го правиме. Сега граѓаните колку ќе бидат задоволни од тоа што се случува од ова задолжување. Треба Владата да го направи ова последното, зајакнување на институциите на власта во интерес на граѓаните. Ако тоа се случи, ако овие пари ја најдат својата цел, тогаш можеме да имаме и некое оправдување. Ако се случи како многу пати до сега, средствата апсолутно да ги нема никаде, а задолжувањето останува и во однос на ова што е објаснето кај финансиските средства дека Република Македонија ќе чествува со еден милион евра кои ќе се користат за плаќање на даноци, такси и царини и оперативни трошоци на единицата за имплементација на проектот. Мислам дека токму поради ова се јавуваат сомнежи кај пратениците и добро е доколку Министерството за финансии поднесе

извештај во однос на тоа како и кога ќе почнат да се трошат средствата од заемот, како што се и претходните заеми затоа што истото се случуваше и со заемот за зајакнување на ЕСМ, па сега гледаме што таму се случува со тој заем. Затоа мислам дека граѓаните најповеќе ќе ги интересира дали ќе има ефект од ова задолжување, или пак ефектот, после пет години, тие секако, бидејќи се буџетски средства, ќе треба повторно граѓаните на Република Македонија да ги вратат тие пари.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во Собранието, а тие што се внатре да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој, Светската банка по Договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 52 за, еден воздржан 4 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 51 за, нема воздржан, тројца против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам кој бара збор? (никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 52 гласале за, еден воздржан, пет против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот,

**Минуваме на точката 16-Предлог за донесување на закон за даночна постапка**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Кој бара збор?

Има збор пратеникот Славе Арсовски.

**Славе Арсовски:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада , почитувани пратеници, на дневен ред имаме Предлог за донесување на закон за даночна постапка. Министерот објасни дека во суштина неминовно е да се прават реформи во фискалниот систем во нашата земја и факт е дека тие реформи мора да се направат бидејќи се многу значајни, бидејќи сакале, или не, сите мораме да признаеме дека имало, има и веројатно ќе има неплаќање, односно одбегнување на плаќање на данок од страна на даночните обврзници. Тоа не е својствено само за нашата земја веројатно, туку прашањето е во какви размери е тоа, дали е тоа резултат на несоодветни законски решенија, или пак е резултат на нешто друго. Но, фактички реформата мора да се направи и да се стави еден ред во плаќањето на даноците и придонесите од страна на даночните обврзници кои што се должни према државата истите обврски да ги исполнуваат.

Длабоко сум убеден ако во средба се почитуваат законите и сите кои што се даночни обврзници ги плаќаа своите обврски спрема државата сигурен сум дека истапките за данок, било кој вид на данок , како и стапките за придонесите веројатно би се намалиле и нормално кога сите би плаќале а не како што е состојбата од аспект не само што не плаќаат, туку се одбегнува плаќањето и се прават некои работи кои што како што го имаме случајот кој што не е нов во однос на даночните пирамиди каде што имаме и огромен повраток на соодветен данок не врз база на соодветна законска регулатива. Нормано даночните обврзници секогаш си го искористиле тоа право да го направат и да не ги платат своите обврски спрема државата. Во тој контекст токму е за поздравување Министерството за финансии и сите надлежни институции кои што во тој правец се зафатиле со оваа сфера бидејќи сигурно ќе има голем отпор на оние кои што треба да го плаќаат истиот данок и таа реформа што побрзо ќе се донесе, иако временски период како што истакна министерот за финансии некаде до 2008 година сите овие закони и подзаконски акти да се донесат и во овој правец оваа проблематика најсоодветно да се регулира и да се воспостави ред во плаќањето на даноците и да не постои даночна евазија која што е присутна. Во тој контекст токму е овој предложен закон за даночна постапка, можам да речам од една страна сложен, а од друга страна многу битен кој што апсолутно ја регулира проблематиката од општото даночно право, самата даночна постапка, контролата која што ќе се врши на даночните обврзници, постапката за наплата на данок, утврдување на фактите за утврдување на данокот, правата и обврските на даночните обврзници итн, еден посложен закон што добро е што оди во две фази, бидејќи забелешките и во телата на Собранието, односно на Парламентот и од овие дискусии веројатно Министерството за финансии, Управата за јавни приходи ќе ги има во предвид и во втората фаза ќе добиеме закон кој што навистина

ќе ја регулираа оваа проблематика. Тоа би било во воведниот дел. Јас сепак имам забелешки на самиот закон кои што ги имам забележано и кои што како такви некои не се суштински, некои се од технички карактер, некои само надополнување се во правец за самиот закон во втората фаза како пречистен текст да дојде и да одговори во наредниот период на задачите кои што стојат пред Министерството за финансии и Управата во регулирањето на оваа проблематика.

Ќе почнам прво од општите одредби прва Глава во членот 4 каде што се даваат дефиниции мислам не е доволно, или нејасно ставот 4: припадници на даночниот обврзник се брачен другар, па под 2: роднини и статусот од прва линија. Дали во тој дел треба да постои некој поширок поим, незнам. Сметам дека истото не би требало да стои. И во подставот  на ставот 5 потставка 2: некој кој што се наоѓа во друг јавно правен работен однос. Подобро тука да се објасни истата ситуација. Понатаму, член 5, место на живеење физичкото лице го има таму каде што има живеалиште кое што го користи. Понатаму во втора Глава  начела на даночна постапка член 10 во делот на зачувувањето на даночните тајни. Роковите не се подредени, можеби би требало тие рокови на даночни тајни како да се чуваат итн. Глава 3, даночна постапка. Во член 17 сметам дека Управата за јавни приходи го поттикнува даночниот обврзник на поднесување на даночни пријави. Нема што да го поттикнува. Даночниот обврзник треба Управата за јавни приходи го задолжува тој да си поднесе даночна пријава и нема тука некого да молиме дали сака, или не сака да поднесе даночна пријава. Тука треба да го задолжува. Веднаш во ставот 5 Управата за јавни приходи е должна да го подучи даночниот обврзник, мислам е несоодветно, еве, да му ги објасни писмено во даночната постапка неговите права и обврски. Секој даночен обврзник да знае кои му се правата и обврските во тој дел. Понатаму член 18 исто подстав 3: други лица кои треба да исполнат некоја обврска за плаќање на данок во даночна потставка во смисла на членот 16 од овој закон. Можеби не се знае точно кои се . Понатаму, членот 19, даночниот обврзник може да учествува до даночна постапка преку полномошник со приложување на соодветно полномошно до Управата за јавни приходи, или преку својот законски застапник. Дали тоа полномошно треба да биде заверено на нотар. Да се напише, заверено на нотар. Да се знае полномошникот кој е. Во членот 20, застарување на данокот, ама во други членови е регулирано тоа прашање. И плаќањето на данок член 24, со плаќање на даночен износ кој се должи со даночен долг, не е јасно, со исполнување на даночен долг. Понатаму под 2, плаќање во смисла на став 1 може да биде плаќање во готово, плаќање на сметка, плаќање од страна на трети лица. И под 3, плаќање со пребивање, или компензација. И тоа е начин на подмирување на даночна обврска на даночен обврзник. Може како начин да се искористи компензацијата и треба да се наведе во членот 24. Понатаму, исполнување на даночен долг во случај на ликвидација, или стечај. Член 25 кажува, во делот на ликвидација кога одат претпријатијата на кој начин се плаќа данокот. И исполнување на даночниот долг во случај на стечај е уредено со Законот за стечај. Ова прашање не го сретнав таму, не го разработува Законот за стечај и не знам на кој начин би се наплатил данокот од претпријатија кои што одат во стечај. Понатаму, член 26, исполнување на даночен долг во случај на смрт на физичко лице. Во ставот 2 пишува: Ако оставителот нема наследник, или ако ниеден од наследниците не се прифати за наследник, даночниот долг на оставителот привремено се отпишува. Јас сметам дека треба да се додаде уште еден став, дали има имот. Ако има имот, а нема наследник, не се јавува, тој имот може да се продаде за да се наплати данокот. Мислам како став треба да влезе, бидејќи можеме да имаме таков случај, нема наследник, а тој што починал има имот и сега тој имот може по основ што должел данок да се продаде. За начинот за продажба ние имаме во некои наредни членови како се врши таа продажба, може тој имот да му се продаде и да се наплати данокот. Понатаму, враќање на неплатен данок член 27, доколку даночниот обврзник има право на враќање на повеќе, или погрешно наплатен данок, се случува и тоа можеби многу ретко, Управата за јавни приходи има обврска решението по барање за враќање да го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето. И продолжение би требало да има. А истиот долг да го врати во рок не подолг од 15 дена, или нека биде не подолг рок од 30 дена, бидејќи ако е наплатен повеќе данок и Управата за јавни приходи по основ на погрешна проценка нормално на даночниот обврзник треба да му се вратат тие средства ако веќе е се легално и треба да пишува во кој рок, за да не се случува често пати дека повратокот на тие средства може да биде и два месеци, пет месеци итн. Значи, во тој дел може да се додаде.

Понатаму, член 30, став 2, гаранцијата се ограничува на даночните долгови кои настанале од почетокот на последната календарска година пред пренесувањето. А што ако пред тие години имале неплатен данок? Зошто последната година? Дали е тоа мал период. Јас сметам дека тој период може да биде последните 5 години ако нема наплатено и начинот да се наплати истиот данок. Мора за пофалба тука да се каже посебно во членот 32, можеби во праксата најповеќе се правеа одбегнувања на плаќање на данок по основ на оние статусни промени кои што се правеа по основ на спојување, припојување, делба итн. и на тој начин се одбегнуваше плаќањето на данокот, даночната обврска се пренесуваше на оние кои што се одделуваат, а немаат имот и фактички се одбегнува плаќањето. Но, затоа истото сега е регулирано на начин како што треба да се регулира. Понатаму во Главата 6, член 35 став 4, единичниот даночен број може да

се користи за други јавни служби и на институции само на начин и постапка што ја пропишува министерот за финансии, или во акти што ги донесува министерот за финансии, мислам многу подобро би било. Понатаму, член 38 некако кај мене створи некоја двојност: обврски на органи и организации надлежни за упис на регистри. Член 38, судот надлежен за упис во трговскиот регистар мора во рок од 5 дена од денот на извршениот упис до надлежната Управа за јавни приходи да достави известување за секаков вид на упис во трговскиот регистер. Ако судот има некое друго решение, овде незнам, како да му налага Управата за јавни приходи на судот дека во рок од тие 5 дена од денот на извршениот упис до Управата за јавни приходи да достави известување, не во рок од 5 дена, да речеме 10 дена одговара. Незнам како е замислено тоа, за да не дојде до двојност, односно судот да има едни акти како истото го прави, а Управата за јавни приходи бара нешто друго. Затоа сметам дека тука треба поточно да се дефинира истото.

Понатаму, член 40, даночниот обврзник во согласност со овој закон има право да добива информации за својата даночна обврска и да добие писмена информација во смисла на точка еден доколку ја побара. Јас мислам еден став би требало да биде, да добива писмена информација од Управата за јавни приходи за својата даночна обврска, да биде еден став. Да има должност Управата за јавни приходи да му достави писмена информац ија за неговата даночна обврска, бидејќи тука се 2 члена.

Член 43, даночниот акт се донесува во писмена, електронска, усна. И не знам, усна е несоодветно според мене. Како сега да се донесе некој акт во усна форма, или да се презентира. Мислам тоа "усна" треба да отпадне. Нека биде даночниот управен акт се донесува во писмена, електронска, или друга форма. "Усна" е несоодветен начин истото да се направи. Член 45, доставување на даночниот управен акт, мислам тоа прашање е регулирано добро, бидејќи се знае во кои рокови, како се доставува, мора даночните обврзници истото да го исполнуваат на начин на кој што треба да го прават истото. Понатаму, утврдувањето на фактите, една многу битна компонента и едно прашање кое Што го регулира, навистина фактите на даночните обврзници во која висина, како истите треба да ги плаќаат своите обврски по основ на даночни обврзници и пишува тие на кој начин можат да се утврдуваат, иако е оставено тоа да го утврдуваат самите даночни обврзници преку поднесување на даночната пријава. Но, има и случаи и нормално е, затоа постои Управата за јавни приходи, односно Инспекторатот кој што врши контрола на утврдување на факти кои што секогаш оние што ги поднесуваат даночните пријави сигурно ќе се стремат да ги избегнат секогаш правилно прикажување на своите факти односно даночни пријави кои што ќе бидат предмет на оданочување.

Можеби во делот, член 62 во врска со стручните лица кои што треба да ги утврдуваат тие факти доколку на друг начин не се утврдени, кои се стручни лица ќе бидат земени во предвид, подетално може да се каже кој може да врши со утврдување на истите факти. Понатаму, предвиден е начинот на чесност, да речеме на даночните обврзници во утврдување на нивните даночни обврски. Во член 69 се вели, има давање на заклетва. Незнам дали треба содржината на заклетвата, дали со некој подзаконски акт, во што е заклетвата што би ја дале, како би изгледала? Тоа нормално оди во правец на некоја чесност за истото да го кажат, но сега како? Веројатно е предвидено со некој друг подзаконски акт тоа да се направи, дали треба во законот, или не треба, незнам.

Надворешната контрола, факт е дека секогаш даночните пријави, или даночните обврзници, било и сега е, секогаш ќе настојуваат да одбегнуваат правилно прикажување на своето оданочување. И токму е таа надворешна контрола тоа е институцијата Управата за јавни приходи, т.е инспекторатите каде што треба да вршат контрола и фактичко утврдување на данокот, или прикривање некој што направил, или можеби помалку платен данок итн. Министерот истакна и јас потполно се сложувам и ништо не е штета во големите претпријатија, тука напомнати се и под кои услови, да речеме 100, или 200 претпријатија таа надворешна контрола да биде исконтролирана. Не е ништо штета еден инспектор секогаш во тие големи даночни обврзници кои што плаќаат огромни износи на данок и да имаат надворешна контрола континуирано. Не е ништо, затоа што на тој начин би се вовел еден ред во плаќањето на овие големи претпријатија, концерни итн.

Мислам дека во целокупнава и оваа реформа посебно место треба да земе надворешната контрола. Претходно истакнав дека, можеби и менталитетот ни е таков, сакаме да непочитуваме закони, да одбегнуваме плаќање на данок, надворешната контрола е потребна бидејќи е доволен некогаш и стравот поради контролата што би се вршела на стопанските субјекти и даночните обврзници, можеби истите во даночните пријави реално да ги прикажуваат основиците за пресметување на данок. Но, од друга страна тоа не значи дека таа надворешна контрола не би го извршувала тоа. Токму во тој правец добро е во целокупнава оваа реформа, како што истакна министерот во воведниот збор по претходниот Закон дека во овие големи фирми треба да има континуирано надворешна контрола.

Можеби во членот 88 тие претпријатија се поделени на големи, средни и мали, но никаде нема по кој основ. Дали според прометот или даночните давачки, па може подетално да се објасни, но не значи. Еве, наброени се на кој начин и како би се вршела таа надворешна контрола.

Мислам дека овде не е опфатени, можеби во другите закони е што ќе се прават во врска со реформата на фискалниот сектор, можеби Законот за Управата за јавни приходи, инспекторите, како надворешна контрола во претпријатијата, дали ќе вршат инспектори по фирми, што имаат не судир на интереси. Ако на почетокот истакнавме дали има некоја врска со работата на претпријатието, тука не е опфатено. Инспекторот може да оди, да врши инспекција кај фирма на некој братучед па да имаме субјективни околности во смисла на утврдување на самиот данок. Јас не сретнав, да ви кажам искрено, инспекторите по овој основ, некој судир на интереси итн.

Можеби треба да се разјасни, во пракса имаме сега, често пати, сметководствената евиденција ја водат луѓе блиски на даночните инспектори. Дали се тоа сопруги, дали се браќа или сестри итн, па на тој начин често пати може да биде една од причините кај одредени фирми да не се врши и надворешна контрола. Имав пример кај нас, тие кои работат во Инспекторатот, сметководствени бироа кои водат сметководствена евиденција на друго име и често пати кај нив е приливот на оние кои сакаат да им се води сметководствена евиденција, многу поголем од кај некој друг. Затоа тоа прашање треба да се регулира.

Спомнав дека кај Законот за ревизии, повторно ќе повторам, можеби сметководителите, евиденцијата како основа за работењето на секое претпријатие, сметководителите не се изборија за своето место во целокупниов економско-финансиски систем. Ревизорите го најдоа своето место, а овие не. Сметководството е основа за се. И за даноците. Не се ревизорите. Не знам, во Законот за трговски друштва се испушти тоа, тие не реформираа некое здружение и да си ја најдат целта така како што треба. Сега, со сметководство секој се бави. Да речеме и електромонтери, хемиски техничари, можеби и лекари, да не речам, можеби најмалку економисти.

Токму во таа насока сакам да истакнам во делот на надворешната контрола треба да се претвидат соодветни одредби на конфликт на интереси што можат да настанат во делот на самата контрола и утврдувањето или пресметувањето на данокот во пракса. Вакви појави има што можат да бидат резултат на несоодветно утврдување на даноците, нивното плаќање итн. Можеби во некој друг закон е предвидено истото да се направи, не знам, но како такво би требало истото.

Апсолутно за пофалба е начинот на наплата на даноците преку аукциска продажба итн. Како одредба, ја поздравувам и нема одбегнување на плаќање на данокот кај оној кој има активности.

Во делот на казнените одредби, не сум од правната фела па да давам коментари, дали во казнениве кривични дела каде што се предвидува казна затвор од 3 до 5 години за неплаќање на данок, дали тоа треба да се регулира со овој закон или тоа треба да се регулира со Законот за кривична постапка итн. Кај мене таквите одредби предизвикуваат двосмисленост и треба подобро да се одредат.

Како пратеничка група на СДСМ во првава фаза ќе го поддржиме со забелешките што се изнесени, па мислам дека втората фаза ќе добиеме пречистен текст на законот за даночна постапка, што е многу битен и суштествен и ќе се воспостават правилата и начинот за плаќање и прибирање на даноци, односно истиот како таков да се регулира на соодветен начин.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија господин Слободан Најдовски)

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени дискутанти.

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за даночната постапка.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за даночната постапка, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Пред да повикам на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата, недостасуваат само уште неколку пратеници за да имаме доволен број на пратеници за гласање.

(Пратениците влегуваат во салата)

Молам службите да го утврдат точниот број на пратеници.

(Службите го утврдуваат точниот број на пратеници)

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Гласале од нив 59 пратеници, 58 гласале за, е воздржан, а нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 17 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на**

**Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници гласале 58, од кои 56 гласале за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници од кои што 49 гласале за, нема воздржани, нема против.

Моментално, во салата имаме 60 пратеници.

Да погледнеме само дали господинот Балковски гласаше, со оглед на тоа што во текот на гласањето беше тука, а со него имаме 61 пратеник.

Да го видиме листингот, доколку гласал господинот Балковски, значи во моментот на гласањето во салата биле присутни 61 пратеник.

(Реакции од пратениците)

Има кој да води сметка кој е присутен, а кој не бил присутен во салата за време на гласањето.

(По добивањето на листингот од гласањето седницата продолжи)

Гласањето го поништувам.

Молам службите сега да утврдат точен б рој на присутни пратеници.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратеници)

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата да преминеме на гласање.

(Во салата влегуваат пратениците, а со седницата продолжи да раководи претседателот на Собранието, господин Љупчо Јордановски)

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Сега сме 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 60 гласале за, нема воздржан, нема против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 4 за менување на став 2; член 14 за додавање два нови става 2 и 3 по ставот 1 и на став 3; за менување на член 15; за менување на член 16; за додавање нов член 16-а по членот 16; за менување на член 17; за додавање нов член 17-а по членот 17 и на член 18 за додавање два нови става 2 и 3 по ставот 1 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

Тука, господо пратеници ви заблагодарувам, пријатна вечер, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот).